АЗР

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2016

СОДРЖИНА

ВОВЕДНО ОБРАЌАЊЕ 3

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА.....5

МИСИЈА.....7
НЕЗАВИСНОСТ.....7
ВРЕДНОСТИ.....8
БУЏЕТ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА.....9
РАСХОДИ ВО 2016 ГОДИНА.....10
СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ.....12
ЕДУКАЦИЈА НА ДРЖАВНИТЕ РЕВИЗОРИ.....13
СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ.....13
РЕВИЗОРСКИ СТАНДАРДИ И МЕТОДОЛОГИЈА.....15
СОРАБОТКА СО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ.....15
ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ИТ РЕВИЗИЈА.....16
ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ И ИЗДАДЕНИ ИЗВЕШТАИ.....20
СУБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИЈА.....22
ПРОВЕРКИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ.....23
РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ ПРИХОДИ.....24
РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ РАСХОДИ.....25
РЕВИЗОРСКИ НАОДИ / КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ.....27
ЈАВНИ НАБАВКИ.....29
РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА.....31
ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ПО ДАДЕНИТЕ ПРЕПОРАКИ ВО РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ.....33

РЕВИЗОРСКИ АКТИВНОСТИ.....35

ГЛАВНИ АСПЕКТИ ОД УТВРДЕНИТЕ СОСТОЈБИ СО РЕВИЗИЈАТА ВО 2016 ГОДИНА КАЈ ОСНОВЕН БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.....37
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.....41
СУДСКА ВЛАСТ.....42
ДРЖАВНИ ИНСПЕКТОРАТИ.....44
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА.....45
РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА НАЧИНОТ И ПОСТАПКИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ.....48
ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ.....49

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА....51
ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, УСОГЛАСЕНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО И ВИСТИНИТОСТ И ОБЈЕКТИВНОСТ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ....52
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА....53
ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА....56
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН“ СКОПЈЕ....56
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА....57
ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО....58
ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА, УПРАВУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКА САЛА „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“....59
ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ....60
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА....61
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ....62
РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ....64
1. ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА УЛИЦА....64
2. ЕФИКАСНОСТ НА ПОЛИТИКИТЕ И ИНСТРУМЕНТИТЕ ВО СИСТЕМОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И ПОСТАПКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОГЛАС ЗА ЈАВНА НАБАВКА....65
3. ЕФИКАСНОСТ НА МЕРКИ, ПОЛИТИКИ И ПРОЕКТИ ЗА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО....66
4. БАЊСКО КЛИМАТСКА РЕКРЕАЦИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ....69
5. ЕФИКАСНОСТ НА МЕРКИТЕ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИОТ МЕТЕЖ ВО ГРАД СКОПЈЕ....71
6. ЕФИКАСНОСТ НА АКТИВНОСТИТЕ И МЕРКИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА УТВРДЕН СО НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА 2014-2016 ГОДИНА....72

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ....75
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА....77
Активности во рамките на EUROSAI и INTOSAI....78
Мрежа на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за прием во ЕУ и Европскиот суд на ревизори....80
Билатерална и регионална соработка....80
Соработка со SIGMA и Европската комисија....81
ТРАНСПАРЕНТНОСТ....82

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР.... 83

Почитувани,

Задоволство ми е да ви го претставам годишниот извештај на Државниот завод за ревизија на Република Македонија, при што се гордеам со постигнатите резултати од нашето работење во 2016 година.

Државниот завод за ревизија во 2016 година реализираше програма за работа со која беа опфатени сите видови на ревизија а посебен акцент, како и претходната година беше ставен на ревизиите на успешност кои забележително кај граѓаните на Република Македонија го креваат фокусот на внимание за трошењето на јавните средства.

Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2013-2017 ни служеше како водилка во исполнувањето на нашите цели кои се во насока на долгорочно влијание во јакнењето на јавниот сектор и на нашата институција. Благодарна сум на вработените за начинот на кој што ја применуваат стратегијата во нивната работа и придонесуваат за подобар квалитет на нашите ревизии.

Државниот завод за ревизија во 2016 година, произведе 85 извештаи, опфаќајќи 118 субјекти на ревизија од наша надлежност. Извештаите содржат важни информации и бројни препораки кои се од значење за подобрување на финансиското управување и одговорното трошење на јавните средства од страна на субјектите на ревизија. При изборот и дефинирањето на опфатот на ревизиите, како и досега, се водевме од начелата на транспарентно и наменско трошење на средствата и подобрување на квалитетот на услугите кои граѓаните на Република Македонија ги заслужуваат.

Професионалната надградба на вработените се одвиваше преку обуки од областа на ревизијата и користењето на новата ИТ инфраструктура во Државниот завод за ревизија, поврзани со примената на системот за управување со ревизиите (Audit Management System). Интерните обуки како и учествата на меѓународни семинари, работилници и кооперативни активности со други Врховни ревизорски институции во текот на 2016 година придонесоа за подигање на професионалното ниво и посветеноста на вработените во реализацијата на нашите заеднички цели. На сите вработени, искрено им честитам!

На меѓународен план, покрај редовните активности за одбележување е вмрежувањето на Државниот завод за ревизија во нови работни групи и ревизорски активности со ВРИ од ЕУРОСАИ и регионот. Значаен напредок е направен во реализацијата на проектот со Канцеларијата на главниот ревизор на Норвешка насочен кон подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на систем за управување со ревизиите (Audit Management System). Во 2016 година активностите беа фокусирани на дизајнирање и тестирање на софтверското решение за модулите на AMS и обуки за вработените за користење на новата ИТ инфраструктура. И што е најважно, во 2017 година започнува примената на AMS во ревизиите.

Регулирањето на уставноста на Државниот завод за ревизија и воспоставување на редовен и ефективен механизам за разгледување на ревизорските извештаи во Собранието на Република Македонија, по угледот на европската пракса, се наши долгогодишни приоритети кои посакуваме да бидат реализирани што поскоро. Тоа ќе овозможи ревизорските извештаи во Собранието да добијат заслужено внимание, а корисниците на јавни средства да имаат одговорност за нивното трошење.

На крај би сакала да го споделам и фактот, на што сум посебно горда, дека нашата визија, Државниот завод за ревизија да добие нова административна зграда, е остварена. Палатата „Емануел Чучков" од февруари 2017 година стана нов дом на Државниот завод за ревизија.

Во состав на Годишниот извештај редовно го приложуваме и мислењето на независниот надворешен ревизор за финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2016 година.

Главен државен ревизор

м-р Тања Таневска

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

МИСИЈА

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е Врховна ревизорска институција во Република Македонија која има за цел навремено и објективно да го информира Собранието, Владата, другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии.

Државниот завод за ревизија обезбедува поддршка на Собранието на РМ во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификацијата и презентацијата на неправилностите, случаите на противзаконско работење, и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата.

Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавните средства за унапредување на управувањето на истите. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Македонија.

НЕЗАВИСНОСТ

Како независен надворешен ревизор ДЗР врши ревизија на јавните приходи и јавните расходи во согласност со ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ).

Независноста на ДЗР е гарантирана со Законот за државната ревизија, кој за прв пат е донесен во 1997 година и во текот на годините е повеќе пати менуван и дополнуван. Во 2010 година е донесен новиот Закон за државната ревизија кој што претставува понатамошно усогласување со Мексико декларацијата за независност на врховните ревизорски институции и основните принципи на Лима декларацијата за правилата и насоките на ревизијата. Со овој закон се регулира позицијата на ДЗР и законот му дава на ДЗР широк мандат да врши ревизии на регуларност и на успешност, со пристап до сите неопходни информации. ДЗР има финансиска независност и овластување да управува со сопствените ресурси. ДЗР има слобода да одлучува за предметот и содржината на ревизиите и има доволно механизми за следење на препораките, за да се осигури дека субјектите соодветно ги имплементирале препораките дадени во ревизорските извештаи.

ВРЕДНОСТИ

Вредностите по кои ДЗР сака да биде препознатлив се:

- Професионални вештини – се реализираат преку стручниот пристап во работењето, со примена на усвоените стандарди, искуства и вештини,
- Тимска работа – за реализација на работните задачи се формираат тимови, кои преку соработка, конструктивност и посветеност на вршењето на работите, придонесуваат во успешно остварување на целите на ревизијата,
- Совесност и професионална етика – извршувањето на работните задачи, вклучува непристрасност, ефикасност и грижа за постигнување на заедничките цели,
- Независност – на раководството и овластените државни ревизори и државни ревизори во однос на субјектите на ревизија, државните институции и други корисници на јавни средства,
- Одговорност – подразбира вршење на работните задачи, одговорно, точно, разбирливо и коректно.

БУЏЕТ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Согласно Законот за државната ревизија („Сл. Весник на РМ" бр. 66/10, 145/10, 158/11, 43/14, 154/15, 192/15, 127/2016) финансирањето на Државниот завод за ревизија се обезбедува од Буџетот на Република Македонија. Потребните средства за работа на предлог на Државниот завод за ревизија ги утврдува Собранието на Република Македонија.

Вкупниот одобрен буџет на Државниот завод за ревизија во 2016 година изнесуваше 99.237.000 денари. Од нив, 95.237.000 денари или 96% се средства обезбедени од централниот буџет, а останатите 4.000.000 денари или 4% се сопствени приходи. Прикажаните сопствени извори на средства на сметката приходи наплатени од органи потекнуваат од средства наплатени за ревизии што Државниот завод за ревизија ги има извршено пред усвојувањето на новиот Закон за државната ревизија донесен во 2010 година. Согласно Законот од 2010 година, средствата за работа на Државниот завод за ревизија се обезбедуваат исклучиво од Буџетот на Република Македонија.

Одобрени средства од Буџетот на РМ по години



РАСХОДИ ВО 2016 ГОДИНА

Од аспект на структурата на расходите на Државниот завод за ревизија, 80% се наменети за плати на вработените, 4% за вршење ревизии на територијата на Република Македонија, 5% за комунални услуги и 11% за други административни расходи. Што се однесува на капиталните расходи, од планираните 1.000.000 денари од сметката на основниот буџет 637, се реализираа 261.000 денари или 0,29% од вкупните расходи на Државниот завод за ревизија.



Нискиот процент на реализација на капиталните расходи се должи на нереализираната јавна набавка на информатичка опрема. Економскиот оператор кој на објавениот оглас беше избран како најповолен понудувач, не беше во состојба да ги исполни барањата согласно тендерската документација. Поради тоа, договорот беше раскинат, а средствата останаа нереализирани и беа вратени во Буџетот на Република Македонија.

Во текот на 2016 година во Државниот завод за ревизија, паралелно со ревизиите, интензивно се одвиваа и активностите планирани со проектот МАК-12/0015 „Имплементација на систем за управување со ревизијата “. Целта на проектот е подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизорската работа со примена на систем за управување со ревизијата. Проектот е финансиран со средства од донација одобрена од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

Одобрениот буџет во 2016 година за реализација на активностите планирани со проектот МАК-12/0015 изнесуваше 12.460.000 денари. Од нив, Државниот завод за ревизија реализираше 5.537.000 денари, додека останатите средства се пренесоа во 2017 година. Од вкупните расходи, 22% се однесуваат на расходите наменети за обуки и надградба на знаењата и вештините на ревизорите за примена на новиот систем за управување со ревизијата, 33% за други административни расходи и 1% за комунални услуги.

Најголем дел од средствата за проектот, 44%, беа наменети за капитални расходи. Од нив, 77% беа наменети за набавка на софтверски решенија за систем за управување со ревизијата (II-ра фаза) и систем за канцелариско и архивско работење. Останатите финансиски средства беа наменети за набавка на неопходната техничка поддршка и надградба на ИТ инфраструктурата во Државниот завод за ревизија која ќе овозможи примена на новиот софтвер за управување со ревизијата.

Расходи од донација во 2016 година



СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

Државната ревизија ја извршуваат 90 вработени, овластени државни ревизори, државни ревизори и вработени за административна поддршка, организирани во 3/три/сектори кои се директно вклучени во процесот на ревизијата (сектори за ревизија) и покриваат различни области од јавниот сектор, 1/еден/ сектор за унапредување на ревизијата и следење на меѓународната пракса за имплементација на меѓународните стандарди, 1 /еден/ сектор за ревизија на информациските системи и 2/два сектори (правни работи и финансиски прашања) за административна поддршка. Воедно, во рамки на организацијата функционираат и 2 /две/ одделенија за човечки ресурси и внатрешна ревизија.

Ревизијата ја вршат 78 ревизори од кои 67 поседуваат уверение за овластен државен ревизор.

Од вкупниот број на вработени 99% се со универзитетско образование од областа на економските, правните науки, информатичката технологија и други области, а во континуитет се зголемува и процентот на вработените кои се стекнале со академски степен на магистер.

ЕДУКАЦИЈА НА ДРЖАВНИТЕ РЕВИЗОРИ

Активностите за едукација на вработените се усогласени со стратешките определби на ДЗР за континуирано надградување на професионалните и стручни способности на ревизорите и раководниот кадар во институцијата и воспоставување објективен систем за оцена на степенот и квалитетот при исполнувањето на работните задачи.

Обуката на вработените на ДЗР се изврши преку организирање интерни обуки во рамките на ДЗР, со предавачи од ДЗР и надворешни експерти. Активностите во рамки на едукацијата се реализираа и преку учество на курсеви, семинари, работилници, организирани од работни групи/комитети на INTOSAI/EUROSAI, Европскиот суд за ревизија, SIGMA и други меѓународни професионални организации и асоцијации.

Согласно Стратегијата за управување со човечките ресурси и расположливите капацитети, во 2016 година се реализираа следните обуки:

- Обука на вработените за новините од употреба на нов оперативен систем и на новиот пакет за канцеларско работење;
- Практична примена на МСС;
- Најнови измени и дополнувања на Законот за јавни набавки во соработка со Бирото за јавни набавки и Советот за јавни набавки
- Зајакнување на етиката во ВРИ;
- Обука за вработените за запознавање со ИТ безбедносните политики и процедури;
- Обука за вработените за употреба на АМС.

СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

Во текот на 2016 година продолжи реализацијата на стратешките цели утврдени во: Стратегијата за развој на ДЗР 2013-2017, Стратегијата за управување со човечки ресурси 2013-2017 и ИТ Стратегијата 2013-2017

Реализација на целите утврдена во Стратегијата за развој на ДЗР обезбедуваат континуирано унапредување на работата на ДЗР, развој на квалитетот на државната ревизија, преку подобрување на квалитетот на извршените ревизии и следење на ефектите од извршените ревизии, системот на управување со институционалните капацитети на ДЗР, како и другите цели утврдени со Стратегијата.

Во 2016 година преземени се голем број на активности за реализација стратешките цели:

- Спроведување постапка за осигурување на квалитет на три извршени ревизии и давање насоки и препораки на кој начин да се осигури правилна примена на методолошките акти и добрата пракса во ревизиите.

- Надминување на системските слабости утврдени во ревизорските извештаи, со укажување на идентификуваните системски слабости во секој поединечен ревизорски извештај, како и нивно сумарно прикажување во Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија.
- Воспоставување на електронскиот систем за управување со процесот на ревизијата (AMS), во соработка со Канцеларијата на главниот ревизор на Норвешка (OAGN).
- Унапредување на постојниот систем за финансиско управување и контрола во Државниот завод за ревизија, согласно меѓународните стандарди за внатрешна контрола и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, преку донесување и имплементација на повеќе процедури за значајни процеси.
- Извршување на функцијата на внатрешна ревизија во ДЗР, донесување на План за извршување на внатрешната ревизија за 2016 година и спроведување на истиот.
- Учество на Државниот завод за ревизија во активностите на EUROSAI Работната група за етика и ревизија.
- Едукацијата на вработените, имплементацијата на меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции во методолошките акти и праксата за државна ревизија, информатичката технологија и ИТ ревизија, соработката со надлежни органи, меѓународната соработка и транспарентноста, се образложени во соодветните поглавја на овој Годишен извештај.

Во однос на стратешките цели кои треба да се реализираат во наредниот период, во завршна фаза се подготовките за реализација на Твининг проект насловен „Поддршка на Државниот завод за ревизија за зајакнување на капацитетите за државна ревизија“, кој ќе биде финансиран од ИПА фондовите на ЕУ. Во рамки на проектот се планирани повеќе активности во насока на зајакнување на соработката на ДЗР со Собранието на Република Македонија, како и за изготвување на Методологија и план за повеќегодишно планирање на ревизиите.

Согласно утврдените цели во Стратегијата за управување со човечки ресурси на ДЗР, во текот на 2016 година се обезбеди континуирано стручно усовршување и обучување на вработените, како и унапредување на вработените, со цел напредување во кариерата, од пониски на повисоки работни места, што овозможи висок квалитет во извршувањето на ревизиите и другите сфери на работењето.

Реализацијата на ИТ Стратегијата на Државниот завод за ревизија 2013-2017 во текот на 2016 година продолжи преку континуирано надградување на информацискиот систем на Државниот завод за ревизија, во согласност со развојот на новите технологии и стандарди. Исто така, се спроведе обука за администрација и одржување на информацискиот систем, како и обука за вработените за користење на системот. Воедно, се имплементираат нови апликации кои претставуваат водилки во процесите на ревизија.

РЕВИЗОРСКИ СТАНДАРДИ И МЕТОДОЛОГИЈА



Ревизорските стандарди обезбедуваат упатства за ревизорите во одредување на опфатот на ревизорските чекори и постапки кои треба да се применат на ревизиите и се состојат од критериуми во однос на кои квалитетот на резултатите од ревизиите се оценува. Прирачниците и упатствата ги водат ревизорите како тоа може да се обезбеди.

Во текот на 2016 година продолжи реализацијата на стратешките цели утврдени со Стратегијата за имплементација на ISSAI, односно стратешката цел 2 за натамошен развој на квалитетот на државната ревизија. Со практичната примена на прирачниците за ревизија на регуларност и ревизија на успешност, како и на Прирачникот за следење на препораките, се обезбеди воедначен пристап и висок квалитет при извршување на ревизиите, како и методолошка поткрепа за следење на преземените мерки по дадените препораки во ревизорските извештаи.

Во текот на 2016 година, беше изготвен и Прирачник за ИТ ревизија, со што продолжи усогласувањето на методолошките акти на ДЗР со ISSAI стандардите, согласно извршените анализи за процена на степенот на усогласеност со ISSAI и Стратегијата за имплементација на ISSAI стандардите.

Во таа насока ќе продолжи преведувањето на Меѓународните стандарди на ВРИ (ISSAI), методолошки упатства и друга стручна литература од областа на ревизијата, издадени од комитети и работни групи на INTOSAI на македонски јазик, со цел нивно усогласување и имплементација во ревизорската пракса.

Согласно стандардите и насоките од Упатството за осигурување на квалитет на извршените ревизии, во текот на 2016 година продолжи реализацијата на Годишниот план за осигурување на квалитет во ревизијата.

СОРАБОТКА СО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

Согласно Законот за државната ревизија, Државниот завод за ревизија до Собранието на Република Македонија го достави на разгледување Годишниот извештај за извршените ревизии и за работењето на Државниот завод за ревизија за 2015 година.

На сто и осмата седница, одржана на 6 јули 2016 година, Собранието на Република Македонија го разгледа Годишниот извештај и усвои заклучоци со кои констатира дека Државниот

завод за ревизија во текот на 2015 година реализирал активности во насока на зголемен придонес во јакнење на финансиската контрола и одговорност на јавниот сектор во РМ.

Воедно, во заклучоците Собранието констатира и позитивно ги оценува активностите на ДЗР за извршените проверки на дадените препораки во ревизорските извештаи, како и потребата субјектите на ревизија да постапуваат по дадените препораки, во насока на подобрување на финансиското работење и одговорно трошење на јавните средства.

Во текот на 2016 година, а согласно обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Државниот завод за ревизија до Собранието на РМ ги достави сите конечни ревизорски извештаи.

Државниот завод за ревизија соработува и со другите надлежни органи и во текот на 2016 година, а во рамки на реализацијата на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2016 година, до Јавното обвинителство доставени се 7/седум/ревизорски извештаи, а до Државната комисија за спречување на корупцијата 4 /четири/ ревизорски извештаи, поради основано сомнение за сторен прекршок/кривично дело.

Државниот завод за ревизија активно соработува со сите државни органи во насока на спречување и намалување на корупцијата, во рамки на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси. Државниот завод за ревизија учествува во реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) преку активностите предвидени во Поглавје 3.23. Правосудство и фундаментални права, Подрачје – Антикорупциска политика и Поглавје 3.32 Финансиска контрола, Подрачје – Надворешна ревизија, како и во работата на Меѓуресорското тело за спречување на корупцијата.

ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ИТ РЕВИЗИЈА

Развојот и употребата на информатичката технологија и нејзина рационална и ефикасна употреба во ревизијата претставува стратешка цел на Државниот завод за ревизија.

За таа цел обезбедено е непречено функционирање на инфраструктурата на информациски-от систем на Државниот завод за ревизија, како и на имплементираните системи за централизирано чување и размена на податоци, за електронската пошта, системот за архивско работење, системот за внатрешно информирање на вработените, интегрираниот финансиски информационен систем и системот за анализа на податоците од ревизорските извештаи. Ревизорите, како водилки во процесите на ревизија, користат апликации: Тек на ревизијата на регуларност и Тек на ревизијата на успешност. Системите и апликациите се развивани водејќи грижа за начелата и правилата за достапност на податоците на авторизиран корисник, доверливост, интегритет, безбедно чување на податоците на централна локација, усогласеност со законите, редовно правење на резервна копија (backup), заштита од физички и логички пристап на податоците.

Следејќи го технолошкиот развој во 2016 година, имплементиран е најновиот пакет за канцелариско работење, Microsoft Office 2016. За негово успешно применување, организирана е обука за вработените во Државниот завод за ревизија за новините на пакетот за канцелариско работење.

Пристап на интернет е обезбеден, како во просториите на Државниот завод за ревизија, така и при извршување на ревизорски задачи на терен. За дигитално зачувување на ревизорските докази се користат соодветни скенери, додека пристап до информацискиот систем на ДЗР од надворешни мрежи е обезбеден преку соодветни канали (VPN).

Ревизорите користат компјутерски потпомогнати ревизорски техники (CAAT's) во процесот на ревизија, како и употреба на ИДЕА софтверот за анализа на податоците од кои се генерираат финансиските извештаи.

Продолжија активностите во рамките на проектот „Подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизорската работа со употреба на систем за управување со процесот на ревизија (Audit Management System (AMS))", кој е финансиран од грант од Кралството Норвешка и се реализира со техничка помош од Канцеларијата на главниот ревизор на Норвешка. Воспоставена е тест околина, која се користи за тестирање на новите верзии на AMC системот, како и продукциска околина, која се користи за употреба од страна на ревизорите. AMC системот е составен од повеќе модули кои се соодветно дизајнирани, тестирани и имплементирани согласно потребите на самиот систем. Воедно организирани се и пилот ревизии преку кои се направи тестирање на системот во продукциска средина, со што успешно заврши фазата на извршени тест ревизии, отстранување недостатоци и пуштање на финалната верзија на системот во продукција.

При подготовка на Годишната програма за работа на ДЗР се доставуваат и предлози за ИТ ревизија. Ревизијата на информациските системи може да биде дел од ревизиите на регуларност каде што ревизорот ја вреднува поставеноста и функционалноста на контролите утврдувајќи ги специфичните ризици кај внатрешните контроли со кои се соочува субјектот на ревизија (неовластен пристап, неовластена промена на податоци, потенцијално губење на податоци.....) за да се увери во веродостојноста, интегритетот и доверливоста на податоците.

Ревизијата на информациските системи може да биде и ревизија на успешност при што информатичката технологија е главен фокус на ревизијата, насочена на проценка на економичноста, ефикасноста и ефективноста на одделни деловни процеси, програми или теми.

Согласно стандардите за ревизија кои ги применува Државниот завод за ревизија се оценуваат политиките и постапките на ИТ опкружувањето на субјектот на ревизија, со цел да се обезбеди уверување дека се воспоставени соодветни контроли и механизми за примена.

Државниот завод за ревизија, со ревизиите на информациските системи укажува на потребата од донесување / ажурирање на стратегијата за развој на информациските системи, како и пропишување, одобрување и имплементирање на безбедносни политики и процедури за системите и подобрување на меѓусебната соработка, поврзување на информациските системи и размена на податоци помеѓу институциите. Воедно, начинот на водење на трговските книги со апликативен софтвер треба да е усогласен со законската регулатива.

Со дадените препораки ќе се подобри управувањето со ИТ ресурсите согласно приоритетите за развој на ревидираниот субјект, а воедно ќе се намали ризикот од неефикасна заштита на информацискиот систем, губење или оштетување на податоците, неточност и неверодостојност на записите и неовластен пристап до доверливите податоци.

РЕВИЗОРСКИ АКТИВНОСТИ НИЗ БРОЈКИ	ГП 2016
Ревизорски извештаи за ревизија на регуларност	76
Ревизорски извештаи за ревизија на успешност	6
Ревизорски извештаи за усогласеност со закони и прописи	2
Ревизорски извештаи за ревизија на успешност/Закон за јавна внатрешна финансиска контрола	1
Ревизорски извештаи доставени до законски застапник на субјектот до кого е доставен ревизорскиот извештај	85
Ревизорски извештаи доставени до Јавен обвинител на РМ (ЈОРМ)	7
Ревизорски извештаи доставени до Државна комисија за спречување на корупција	4
Ревизорски извештаи доставени до Собрание на Република Македонија	85
Субјекти опфатени со ревизија	118
Наоди во ревизорските извештаи	795
Препораки во ревизорските извештаи	673
Милиони денари ревидирани јавни приходи	251.636
Милиони денари ревидирани јавни расходи	108.490

ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ И ИЗДАДЕНИ ИЗВЕШТАИ

Во 2016 година извршени се 45 ревизии (2015 - 53 ревизии) од кои 36 ревизии на регуларност, две ревизии на усогласеност, 6 ревизии на успешност и една ревизија на успешност, која се однесува на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија.

Од извршените ревизии издадени се 85 ревизорски извештаи (2015 – 79), од кои 76 извештаи за ревизија на регуларност, два извештаи од извршена ревизија на усогласеност, еден извештај од ревизија на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија и 6 извештаи од извршена ревизија на успешност.

Преглед на извршени ревизии и нивна структура				
Годишна програма на ДЗР	2016		2015	
Вид на ревизија	Број на извршени ревизии и структура			
	Број	Учество во %	Број	Учество во %
1	2	3	4	5
Финансиска ревизија и ревизија на усогласеност	36	80%	21	40%
Тематска ревизија /ревизија на усогласеност	2	5%	1	2%
Ревизија на успешност / ЗЈВФК	1	2%	13	24%
Ревизија на успешност	6	13%	18	34%
Вкупно извршени ревизии	**45**	**100**	**53**	**100**



Преглед на издадени извештаи и структура				
Годишна програма на ДЗР	2016		2015	
Вид на ревизија	Број на издадени извештаи и структура			
	Број	Учество во %	Број	Учество во %
1	2	3	4	5
Финансиска ревизија и ревизија на усогласеност	76	89%	47	60%
Тематска ревизија / ревизија на усогласеност	2	2%	1	1%
Ревизија на успешност / ЗЈВФК	1	1%	13	16%
Ревизија на успешност	6	8%	18	23%
Вкупно извештаи	**85**	**100**	**79**	**100**



СУБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИЈА

Државниот завод за ревизија со Годишната програма за работа ги дефинира субјектите и областите, утврдени согласно критериумите за избор на субјекти и теми на ревизија, кои ќе бидат ревидирани на годишно ниво.

Опфатот на државната ревизија од аспект на бројот на ревидираните субјекти, ги опфаќа и субјектите кои задолжително се ревидираат секоја година, согласно Закон.

За постигнување на целите на извршените ревизии, во зависност од тоа дали се спроведува ревизија на регуларност или ревизија на успешност, во текот на 2016 година, со ревизија се опфатени 118 субјекти од сите извршени ревизии. Во следниот преглед е дадена структурата на опфатените субјекти со ревизиите, по видови ревизии:

Преглед на ревидирани субјекти и субјекти опфатени со ревизиите на успешност				
Годишна програма на ДЗР	2016		2015	
Вид на ревизија	Субјекти	Учество во %	Субјекти	Учество во %
1	2	3	4	5
Финансиска ревизија и ревизија на усогласеност	36	31	27	7
Тематска ревизија / ревизија на усогласеност	9	8	1	-
Ревизија на успешност / ЗЈВФК	1	1	13	3
Ревизија на успешност	72	60	369	90
Вкупно субјекти опфатени со ГП	**118**	**100**	**410**	**100**



ПРОВЕРКИ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ

Во 2016 година Државниот завод за ревизија изврши проверки за утврдување на статусот на дадените препораки во конечните ревизорски извештаи (follow up) издадени во 2015 и 2016 година, во функција на утврдување на степенот на нивно спроведување. Во табелата подолу даден е бројот на извршени follow up проверки и издадени извештаи за утврдување на статусот на дадените препораки во конечните ревизорски извештаи.

Преглед на извршени follow-up проверки			
Ревизии на спроведување на препораките	2016	2015	**Вкупно**
1	2	3	4
Број на извршени **follow-up проверки** за утврдување на статусот на дадените препораки во КИ	6	15	**21**
Број на издадени **извештаи по извршени** follow-up проверки за утврдување на статусот на дадените препораки во КИ	16	21	**37**



РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ ПРИХОДИ

Вкупниот износ на ревидирани јавни приходи и расходи опфатени со извршените ревизии на финансиските извештаи во 2016 година се прикажани во следните два прегледа:

Преглед на ревидирани јавни приходи (во милиони денари)				
Ревидирани јавни приходи во:	2016		2015	
	Приходи	Учество во %	Приходи	Учество во %
1	2	3	4	5
Централен Буџет на Р.Македонија	156.493	63	142.695	96
Буџети на единици на локална самоуправа	2.679	1	5.183	3
Буџети на фондови	84.993	34	0	0
Корисници на средства од буџетот на ФЗО (ЈЗУ- болници, клиники....)	955	0	714	1
Политички партии	232	0	342	0
Јавни претпријатија	6.166	2	0	0
Други институции	118	0	409	0
Вкупно	**251.636**	**100**	**149.343**	**100**



Во структурата на ревидираните јавни приходи во 2016 година, по годишните сметки за 2015 година, приходите на Централниот буџет на Република Македонија учествуваат со 63%, на буџетите на единиците на локална самоуправа со 1%, на буџетите на Фондовите со 34% и ревидираните приходи на јавните претпријатија учествуваат со 2% во вкупно ревидираните приходи.

РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ РАСХОДИ

Во структурата на ревидираните јавни расходи во 2016 година, по годишните сметки за 2015 година, расходите на корисниците на Централниот буџет учествуваат со 17%, ревидираните расходите на единиците на локална самоуправа учествуваат со 2% во вкупните расходи, корисниците на средства на ФЗО (болници, клиники...) учествуваат со 1%, буџетите на фондовите со 77% и 3% од ревидираните расходи се однесуваат на јавни претпријатија.

Преглед на ревидирани јавни расходи (во милиони денари)				
Ревидирани јавни расходи во:	2016		2015	
	Расходи	Учество во %	Расходи	Учество во %
1	2	3	4	5
Централен Буџет на Р.Македонија	18.461	17	7.954	58
Буџети на единици на локална самоуправа	2.400	2	4.425	33
Буџети на фондови	83.017	77	0	0
Корисници на средства од буџетот на ФЗО (ЈЗУ- болници, клиники....)	951	1	709	5
Политички партии	217	0	316	2
Јавни претпријатија	3.306	3	0	0
Други институции	138	0	289	2
Вкупно	**108.490**	**100**	**13.693**	**100**



Во однос на опфатот на ревидираните расходите по видови буџети, буџетите на фондовите се ревидирани во целост (100%), буџети на единиците на локалната самоуправа се опфатени со 8% во однос на нивните вкупни буџети и расходите на корисниците и единките корисници на Централниот буџет на РМ се опфатени со 14%.

Ревидирани расходи по видови буџети во однос на вкупните буџети (во милиони денари)						
	Извршен буџет за 2015	Ревидирано	Учество во %	Извршен буџет за 2014	Ревидирано	Учество во %
1	**2**	**3**	**4**	**5**	**6**	**7**
Корисници и единки корисници на централен буџет	160.390	23.073	14	132.261	9.268	7
Буџети на единици на локална самоуправа	29.251	2.400	8	27.732	4.425	16
Буџети на фондови	83.017	83.017	100	78.762	0	0
Вкупно	**272.658**	**108.490**	**40**	**238.755**	**13.693**	**6**



РЕВИЗОРСКИ НАОДИ / КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ

При спроведувањето на Годишната програма за работа за 2016 година овластените државни ревизори и државните ревизори во ревизорските извештаи констатирале 795 наоди/состојби при вршење на државна ревизија и тоа:

- 25 наоди со ревизија на Основниот буџет;
- 632 наоди со ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност;
- 127 наоди со ревизија на успешност;
- 11 наоди со ревизија на успешност на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија.

Во прегледите подолу прикажано е учеството на наодите по области/теми и видови на ревизии.

ПРЕГЛЕД НА НАОДИ И КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ ПО ВИДОВИ НА РЕВИЗИИ

1. Ревизија на усогласеност на Основниот Буџет на РМ			
Вид на наод		Број	Учество во %
1	2	3	4
1	Подготовка на Буџетот на Република Македонија	4	16
2	Донесување на Буџетот на Република Македонија	10	40
3	Извршување на Буџетот на Република Македонија	11	44
ВКУПНО		**25**	**100**

2. Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност			
Вид на наод		Број	Учество во %
1	2	3	4
1	Наоди кои се однесуваат на усогласеност со законската регулатива и прописи	177	39
2	Наоди кои се однесуваат на финансиските извештаи	172	38
3	Наоди во системот на интерни контроли	38	8
4	Наоди кои се однесуваат на користење на средствата спротивно на законските прописи	21	5
5	Наоди кои се однесуваат на јавните набавки	44	10
ВКУПНО		**452**	**100**
6	Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет	78	
7	Останати прашања	102	

3. Ревизија на успешност / ЗЈВФК			
Вид на наод		Број	Учество во %
1	**2**	**3**	**4**
1	Правна рамка и стратешки документи	1	9
2	Финансиско управување и контрола	6	55
3	Внатрешна ревизија	1	9
4	Попис	1	9
5	Наоди кои се однесуваат на јавните набавки	1	9
6	Систем на интерни контроли за набавки и плаќања	1	9
ВКУПНО		**11**	**100**

4. Ревизија на успешност			
Наод		Број	Учество во %
1	2	3	4
1	Наоди кај ревизија на успешност, согласно темата на ревизијата	127	100
ВКУПНО		**127**	**100**

РЕКАПИТУЛАР НА НАОДИ ВО КОНЕЧНИ ИЗВЕШТАИ			
Вид на ревизија		Број	Учество во %
1	2	3	4
1	Ревизија на усогласеност на Основниот буџет на Република Македонија	25	4
2	Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност	452	73
3	Ревизија на успешност	127	21
4	Ревизија на успешност/ЗЈВФК	11	2
ВКУПНО I		**615**	**100**
5.	Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет	78	43
6.	Останати прашања	102	57
ВКУПНО II		**180**	**100**
ВКУПНО I + II		**795**	

ЈАВНИ НАБАВКИ

Во текот на 2016 година Државниот завод за ревизија во рамките на вршењето на планираните ревизии, ги ревидираше и јавните набавки кај субјектите предмет на ревизија. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на јавните набавки, констатирани се 45 наоди кои се однесуваат на следните нерегуларности, односно поднаоди:

Наоди кои се однесуваат на јавните набавки			
Р. бр.	Вид на поднаод	Број на поднаоди	Учество во %
1	2	3	4
1.	Невоспоставени/неправилно воспоставени процедури/контролни системи за постапување на КЈН при спроведување на ЗЈН	1	1,69
2.	Не спроведени постапки за јавни набавки/извршена набавка пред склучување на договорот за ЈН/извршени набавки по стари договори од минати години	2	3,39
3.	Слабости во фазата на планирањето на ЈН (вид на набавки, избор на соодветна постапка, планирани количини, динамика, планирани финансиски средства, доставување на планот до БЈН, измена и дополнување на планот и сл.)	7	11,86
4.	Слабости во фазата на донесување на одлука за ЈН	6	10,17
5.	Тендерска документација која не ги содржи елементи пропишани со ЗЈН	5	8,47
6.	Неутврдени критериуми за доделување на договор за ЈН	1	1,69
7.	Утврдени критериуми да доделување на договор за ЈН кои не се во согласност со ЗЈН	5	8,47
8.	Слабости во фазата на објава за јавна набавка и известување на БЈН	1	1,69
9.	Слабости при евалуација на понудите, бодирање, рангирање и давање предлог за избор на најповолен понудувач (неприменета/погрешно применета методологија за утврдување на бодовите, не извршено/погрешно рангирање, погрешен предлог за избор на најповолен понудувач)	5	8,47
10.	Слабости во фазата на донесување на Одлука за избор на најповолен понудувач	3	5,08

11.	Слабости во фазата на склучување на договори со избраните понудувачи (не склучени договори со избраниот понудувач; склучени договори со цени, услови и останати елементи различни од понудените; потпишување на договорите во рок пократок од законски предвидениот и сл.)	2	3,39
12.	Слабости во фазата на реализација на склучените договори по ЈН (гаранции, цени, количини, услови за плаќање и др. услови различни од дефинираните со договорот)	7	11,86
13.	Реализација на договорите над договорениот износ (надминување на договорениот износ /планираните финансиски средства)	1	1,69
14.	Невоспоставени процедурите за следење на реализацијата на договорите во целост како од квантитативен така и од квалитативен аспект.	3	5,08
15.	Делење на набавките/заобиколување на постапките за ЈН пропишани со закон	2	3,39
16.	Не склучени анекс договори; склучување на анекс договори кои не се согласно законските одредби;	1	1,69
17.	Слабости од технички карактер при подготвувањето на документацијата/досиејата за спроведената ЈН (неуредни и нецелосни евиденции/досиеја, непотпишани/нецелосно потпишани записници/извештаи/прегледи, математички грешки и сл.)	1	1,69
18.	Не потпишани изјави за непостоење на судир на интереси од КЈН и одговорното лице.	3	5,08
19.	Не известување на БЈН за склучените договори по спроведените ЈН согласно формата и роковите предвидени со ЗЈН	1	1,69
20.	Не е побарана согласност за ЈН од Советот за ЈН согласно одредбите од ЗЈН	2	3,39
ВКУПНО		**59**	**100**

РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА

Согласно поставените цели на ревизијата, ревизорот во ревизорските извештаи изразува мислења за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи и заклучоци од извршените ревизии на успешност.

Во ревизорските извештаи од извршена ревизија на финансиски извештаи за 2015 година, изразени се: 20% мислења без резерва (позитивни мислења) во 15 извештаи; 28% мислења со резерва во 21 извештај; 35% неповолни мислења во 26 извештаи и 17% воздржување од мислење во 13 извештаи.

За усогласеност со закони и прописи: изразени се: 18% мислења без резерва (позитивни мислења) во 14 извештаи; 49% мислења со резерва во 37 извештаи; 26% неповолни мислења во 20 извештаи и воздржување од мислења за усогласеност со закони и прописи, 7% во 5 извештаи.

Подолу е даден преглед на изразени мислења со структура за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2015 година, содржани во ревизорските извештаи од 2016 година.

Преглед на изразени мислења за финансиските извештаи и за усогласеност со законските прописи				
Годишна програма 2016 година				
Ревизорско мислење	Финансиски извештаи		Усогласеност со закони и прописи	
	Број	Учество во %	Број	Учество во %
	2016	2016	2016	2016
Мислење без резерва (позитивно)	15	20	14	18
Мислење со резерва	21	28	37	49
Негативно мислење	26	35	20	26
Воздржување од давање на мислење	13	17	5	7
Вкупно	**75**	**100**	**76**	**100**

Преглед на изразени мислења за финансиските извештаи



Преглед на изразени мислења за усогласеност со законските прописи



ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ПО ДАДЕНИТЕ ПРЕПОРАКИ ВО РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Покрај основната мисија на Државниот завод за ревизија како Врховна ревизорска институција навремено и објективно да ги информира носителите на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии, исто така целта на ревизијата е да упатува јасни и ефективни препораки со што ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавни средства за унапредување на управување со истите.

Согласно Законот за државна ревизија, законскиот застапник на субјектот е должен да го извести Државниот завод за ревизија и органот надлежен за надзор и контрола, за преземените мерки во врска со наодите и препораките во ревизорските извештаи, во рок од 90 дена од приемот на конечниот извештај.

Државниот завод за ревизија го следи спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи во рамки на вршењето на редовни ревизии, посебни ревизии и проверки на спроведување на препораките, како и преку примени информации од субјектите.

По извршените ревизии од Годишната програма за работа на ДЗР за 2016 година, Државниот завод за ревизија даде 673 препораки. До денот на подготовката на Годишниот извештај за 2016 година, за 312 дадени препораки не е изминат законскиот рок за известување за преземените мерки. Од вкупно 361 препорака за кои рокот за добивање повратни информации за спроведување е изминат, 120 се целосно или делумно спроведени, односно спроведувањето е во тек, 15 препораки не се спроведени (поврзани со други надлежни органи/надворешни фактори, или несогласувања), за 222 препораки не е доставен одговор, односно од субјектот не е добиена повратна информација за постапувањето по препораките, а четири препораки не можат да се спроведат поради изменети околности.

Во следниот преглед дадени се податоци за статусните категории на преземените мерки по дадените препораки за 2016 година:

ОПИС		За ГП 2016	
		Број	Учество во %
1	Препораки по кои е постапено/ Препораки кои се целосно или делумно спроведени или се во тек	120	33
2	Препораки кои не се спроведени (не се преземени мерки поради надворешни фактори, субјектот не се согласува, поврзано е со други надворешни фактори и сл)	15	4
3	Препораки кои не можат да се спроведат поради изменети околности	4	1
4	Препораки за кои субјектот не дал повратна информација за преземните мерки/ ревизорот немал доволно информации за да го утврди статусот на препораката	222	62
Вкупен број на препораки за кои е изминат рокот од 90 дена за повратна информација		**361**	**100**
5.	Препораки за кои рокот од 90 дена за доставување на повратни информации не е изминат	312	
ВКУПНО ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ		**673**	

РЕВИЗОРСКИ АКТИВНОСТИ

ГЛАВНИ АСПЕКТИ ОД УТВРДЕНИТЕ СОСТОЈБИ СО РЕВИЗИЈАТА ВО 2016 ГОДИНА КАЈ ОСНОВЕН БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Управувањето со јавните финансии претставува еден од врвните приоритети на државата со кое се овозможува финансиска сигурност и одржливост на јавните финансии. Имајќи го предвид економското, социјално и политичко значење на Буџетот на Република Македонија, планирањето се наметнува како неопходност на професионалниот менаџмент и има за цел одржување на макроекономската стабилност и стабилен национален економски развој.

Во Законот за буџетите се пропишани роковите за клучните активности во процесот на стратешкото планирање и подготвување на Буџетот на Република Македонија.

Со извршената ревизија констатиравме дека подготовката и донесување на планските документи во 2014 година, во врска со планирање и донесување на буџетот за 2015 година, во одредени чекори отстапува од пропишаните рокови. Почитувањето на пропишаните рокови во изготвување и донесување на стратешките приоритети и фискалната стратегија, ќе обезбеди квалитетно и реално планирање и донесување на финансиските планови на буџетските корисници како и на Буџетот на државата во целина. Во насока на зајакнување на процесот на подготовка на стратешките документи за планирање на Буџетот на РМ, Министерството за финансии во мај 2015 година има донесено процедура за подготовка на предлог фискална стратегија на Република Македонија.

Судскиот буџет е дел од Буџетот на Република Македонија, издвоен како посебен дел означен со „Судска власт“. Висината на средствата потребни за функционирање на единките корисници од разделот „Судска власт”, согласно одредбите од Законот за судскиот совет се утврдени во износ од најмалку 0,8% од бруто домашниот производ, со одредена динамика започнувајќи од 2012 година до 2015 година, а во согласност со критериумите утврдени од Судскиот буџетски совет.

Со извршената анализа на податоците кои се однесуваат на одобрените средства за судската власт, за периодот 2012-2015 година, како и имајќи ја во предвид пропишаната висина на нивно одобрување, утврдивме дека со воспоставената динамика на одобрување на средства во рамките на буџетот на судската власт, во наведениот период не е достигнато законско утврденото ниво на буџетот предвиден за судската власт во висина од 0,8% од бруто домашниот производ, што создава ризик за целосно обезбедување на стабилно, долгорочно, рамномерно и соодветно финансирање на судската власт.

Со примена на ревизорски техники извршивме анализа на податоците добиени од Трезорската главна книга, кои се однесуваат на вкупните расходи и вкупните приходи, истите се евидентирани во базата на буџетското сметководство за сметката на основниот буџет.

Во 2015 година вкупните расходи и другите одливи се извршени во вкупен износ од 143.229.173 илјади денари. Во однос на планираните расходи за 2015 година, констатиравме дека истите се реализирани во 97,81%.

Планирани и извршени расходи во Основен Буџет на Република Македонија за 2015 година



Владините програми и потпрограми ги рефлектираат стратешките приоритети на Владата на РМ и истите претставуваат збир на цели и иницијативи, кои буџетските корисници на централната власт, ги вклучуваат во своите буџети. Средствата за финансирање на владините програми се обезбедуваат од основниот буџет 73,52%, од донации 14,27% и од заеми 12,06%. Во 2015 година владините програми во Основниот буџет се проектирани во вкупен износ од 21.667.617 илјади денари, што претставува 14,80% од вкупниот основен буџет. Реализација на владините програми во 2015 година изнесува 97,49%. Во споредба со планираните владини програми за претходната година средства се зголемени за 5,60 % односно во 2014 година изнесуваат 20.517.671 илјади денари.

Преку развојните потпрограми се финансираат капиталните проекти во државата и истите ја преставуваат развојната компонента на Буџетот на РМ. Во Централниот буџет во 2015 година развојните потпрограми се проектирани на вкупен износ од 21.606.757 илјади денари. Средствата за финансирање на овие буџетски развојни потпрограми се обезбедени од сметката на основниот буџет, сметката на донации, заеми и од самофинансирачки активности.

Владините развојни потпрограми во основниот буџет се проектирани во вкупен износ од 3.633.247 илјади денари или 34% од вкупните развојни потпрограми. Овие потпрограми се реализирани во вкупен износ од 3.157.237 илјади денари или 86,90%.

Вкупните приходи и други приливи во 2015 година се остварени во вкупен износ 155.688.656 илјади денари, што е за 9.252.170 илјади денари повеќе во однос на планираните приходи и другите приливи за 2015 година.

Планирани и извршени расходи во Основен Буџет
на Република Македонија за 2015 година



Управа за јавни приходи, има значајна улога во обезбедувањето на даночните приходи во Буџетот на Република Македонија, со што го обезбедува остварувањето на функциите на државата. Во 2015 година даночните приходи учествуваат со 58% во вкупно остварените приходи во Буџетот на РМ.

Во Управата за јавни приходи спроведен е проект финансиран од страна на Европската унија - Национална програма за ИПА компонента I TAIB 2009 како резултат на што во септември 2014 година, направена е „Студија за ИТ системот на Управата за јавни приходи“. Студијата предвидува воспоставување на интегриран информациски систем во функција на воспоставување на модерната даночна администрација, овозможувајќи на даночните администрации, подобро собирање и анализа на информациите, проактивно управување со обемот на работа и ресурсите, стандардизација на третманот на даночните обврзници, како и формирање единствено досие на секој даночен обврзник за сите видови даноци. Управата за јавни приходи доставила допис до Владата на Република Македонија со акциски план за набавка на ИТ опрема за 2015 и 2016 година, како и Информација за потреба за набавка и имплементација на нов целосно интегриран ИТ систем.

Ревизијата смета дека постои потреба од продолжување на отпочнатите активности за осовременување на ИТ системот на Управа за јавни приходи, со што ќе се овозможи пристап на даночните обврзници во реално време заради увид во состојбата, обврските и побарувањата по основ на сите даноци и другите јавни давачки, како и можност на комуникација со другите релевантни институции и нивните системи во Република Македонија за утврдување и наплатата на даноците и другите јавни давачки за кои е надлежна Управата за јавни приходи.

Со буџетот за 2015 година капиталните приходи се планирани во износ од 2.875.000 илјади денари, а остварени се во износ од 2.251.352 илјади денари, што претставува 78,31% од планираното. Најголем дел од Капиталните приходи кои се остваруваат во Основниот Буџет на Република Македонија, се приходи чија реализација, евиденција и контрола над спроведувањето се врши од страна на органите на државната управа, во рамки на нивните надлежности утврдени со закон. Капиталните приходи се приход на Основниот Буџет на Република Македонија, односно и на единиците на локалната самоуправа, во сооднос утврден со закон.

По основ на домашно задолжување во 2015 година евидентиран е прилив на средства во износ од 17.653.725 илјади денари од издадени краткорочни државни записи и долгорочни државни обврзници, додека по основ на задолжување во странство, на сметката на основниот буџет остварени се други приливи во износ од 16.426.739 илјади денари од издадени државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал- еврообврзница на Република Македонија.

Со увид во информациониот систем, анализа на добиените податоци и други компаративни анализи, утврдивме дека Трезорската сметка функционира преку електронската база на податоци за приливни трансакции за пренос на средства и база на податоци со барања за пренос на средства на сметките на основниот буџет на буџетските корисници. Исто така, констатиравме дека е надминат проблемот за водење на сметководствената евиденција во две одделни апликации и од 01.01.2015 година сметководствената евиденција се води во една апликација, што дава можност за изработка на интегриран заклучен лист за сите билансни позиции.

Во насока на олеснување на постапката на планирање, донесување и управување со буџетите, надлежните лица во Министерството за финансии континуирано преземаат мерки за промовирање на пријавување на обврски на буџетските корисници во електронска форма, со што би се овозможило целосно користење на податоците преку модулот за евиденција на преземени обврски.

Мислењето за користењето на буџетските средства од страна на буџетските корисници, класифицирани во Буџетот на Република Македонија по раздели, го изразуваме во поодделните извештаи од извршените ревизии на овластените државни ревизори.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Собранието на Република Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката, кое го сочинуваат 123 пратеници избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Извршивме ревизија на финансиските извештаи за 2015 година, заедно со ревизија на усогласеност и констатиравме состојби за кои дадовме препораки за нивно надминување:

» Во работењето во секторот за финансиски прашања утврдивме дека во процесот на евиденција на обврските и плаќањата, постои потреба од зајакнување на контролите на начин кој е предвиден со усвоените процедури, додека кај процесот на јавните набавки воспоставените процедури не предвидуваат активности и контроли за следење на реализацијата на склучените договори, поради што постои потреба од нивно пропишување и имплементирање во работата.

» Во однос на финансиските извештаи утврдивме слабости во спроведувањето на пописот на основните средства, побарувањата и обврските за 2015 година, не евидентирано земјиште со кое располага Собранието како и слабости во процената на библиотечниот материјал.

» Во делот на спроведувањето на јавните набавки кои се однесуваат на проектот за доградба, надградба, адаптација и зајакнување на објектот на Собранието во периодот од 2010 до 2015 година, утврдивме дека со спроведувањето на постапките за јавни набавки како неделиви и склучување на анекси по основните договори, набавени се средства за кои било потребно спроведување на одделни постапки заради обезбедување конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност, рационално и ефикасно искористување на средствата.

Во ревизорскиот извештајот, во делот на останати прашања и понатаму ја потенцираме потребата за преиспитување на начинот на надоместување на трошоците на пратениците за користење на сопствени возила за службени цели, што на пратениците им се исплатуваат како надоместоци за присуство на седници и работни тела, која состојба ја обелоденивме и во ревизорските извештаи од минати години.

Согласно Законот за Собранието на Република Македонија и Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, функциите Претседател на Собранието и неговите заменици и генерален секретар и негови заменици во континуитет повеќе години ги

извршуваат лица избрани со одлуки од 2007 и 2012 година, иако во периодот од 2008 до 2015 година поради избори, составот на Парламентот е изменет три пати. Ревизијата укажува дека поради непостоење на законски основ за утврдување на мандатот постојат можности за неограничено вршење на функција на генерален секретар и негови заменици, како избрани и именувани лица.

Во рамки на програмата Контакти со граѓаните, Собранието на РМ во периодот од 2013 -2014 година обезбедило канцеларии на пратениците за контакт со граѓаните на територија на РМ. Овие канцеларии се резултат на проектот со НДИ, УСАИД, ИПД, ЗЕЛС и имаат за цел преку непосредна комуникација со избраните претставници-пратениците, граѓаните да имаат можност за размена на информации, предлози и сугестии, со цел да се зголеми нивното учество во работата на Собранието. Ревизијата укажува на потребата од анализа за натамошно финансирање на оваа програма од причина што согласно Законот за Собранието на РМ, органите на локална самоуправа, т.е. општините се должни да обезбедат еднаква помош на пратениците во извршувањето на нивната функција, преку обезбедување работна просторија и услови за контакт со граѓаните од неговата изборна единица.

СУДСКА ВЛАСТ

Во судскиот систем на Република Македонија, судската власт ја вршат основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија, како самостојни и независни државни органи. Судската власт преку остварување на основните цели и функции претставува највисок гарант за непристрасно применување на правото, независно од положбата и својството на странките, заштита, почитување и унапредување на човековите права и слободи, обезбедување еднаквост, рамноправност и недискриминација по било кој основ и обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото.

За остварување и гарантирање на самостојноста и независноста на судската власт формиран е Судски совет на Република Македонија, како самостоен и независен орган на судството.

Основните судови се основаат за една или повеќе општини и нивната надлежност е да судат во прв степен, а може да бидат со основна и проширена надлежност. Основни судови со про-

ширена надлежност на територија на Република Македонија има во градовите: Скопје, Битола, Прилеп, Охрид, Струга, Гостивар, Тетово, Куманово, Кочани, Велес, Струмица и Штип.

Финансирањето на судската власт во Република Македонија се врши преку Судскиот буџет, како посебен дел на Буџетот на Република Македонија. Од аспект на финансирањето под судската власт се опфатени и Судскиот совет на Република Македонија и Академијата за обука на судии и јавни обвинители, кои придонесуваат за извршувањето на судската функција во Република Македонија.

Со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2016 година извршивме ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Охрид и Основен суд Струмица, на сметките на основен буџет и на депозитните сметки. Констатиравме состојби за кои дадовме препораки за преземање на активности за надминување на истите и тоа во делот на:

- спроведување на пописот на средствата и изворите на средствата согласно законската регулатива,
- запишување и утврдување на вредноста на земјиштето и објектите во кои се сместени основните судови во надлежната институција и нивно евидентирање во деловните книги,
- исплата на коефициентот за дополнително ангажирање на судиите како претседатели на судските совети,
- воспоставување на сметководствена евиденција на ненаплатени побарувања по основ на судскиот паушал,
- отворање на посебни сметки, денарски и девизни, за уплата на средствата по основ на гаранции,
- доделувањето на договорите за јавни набавки.

Обелоденивме состојби кои се од значење за работењето на судовите, при што констатиравме потреба од воспоставување комуникација помеѓу основните судови, Министерството за финансии и Управата за јавни приходи во врска со размената на податоци за приливите од наплатените парични казни како и податоци за побарувањата по основ на паричните казни како идни приливи на Буџетот на Република Македонија. Исто така препорачуваме, во соработка со Судски буџетски совет, да се иницира во деловните книги на основните судови да се воспостави евиденција на ненаплатените побарувања по основ на паричните казни.

ДРЖАВНИ ИНСПЕКТОРАТИ

Почнувајќи од 2010 година со донесувањето на Законот за инспекциски надзор, воспоставени се основните начела на инспекцискиот надзор, организацијата и координацијата на инспекциските служби, правата и должностите на инспекторите, постапката за вршење на дејноста и други прашања кои се однесуваат на инспекцискиот надзор. Инспекциските служби се организираа како органи во состав на министерствата - инспекторати или како организациони единици во рамките на другите органи на државната управа и единиците на локалната самоуправа и градот Скопје.

Почнувајќи од 2014 година со измените и усогласувањата во законите од областа на просветата, трудот, здравството, транспорт, градење и урбанизам, земјоделство и други сфери, инспекторатите добија својство на правно лице, сопствена буџетска сметка како буџетски корисници од прва линија и самостојно, согласно со законите, одлучуваат за правата и обврските од дејноста која ја извршуваат.

Инспекцискиот надзор се врши заради остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес.

Согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2016 година, извршивме ревизија на финансиските извештаи за 2015 година и ревизија на усогласеност кај Државен просветен инспекторат и Државен инспекторат за градежништво и урбанизам.

Со извршените ревизии констатиравме дека во инспекторатите постои потреба од зајакнување на системот на внатрешни контроли кој ги опфаќа политиките и процедурите воспоставени за справување со ризиците и постигнување на целите. Препорачавме донесување и имплементирање на пишани процедури за клучните процеси, како и поделба на надлежности во извршувањето на работните активности.

Со цел да добиеме уверување дали активностите за извршениот попис на средствата и нивните извори се целосно, навремено и квалитетно извршени, применивме ревизорски техники и констатиравме дека постојат слабости во процесот на извршување на попис. За надминување на утврдените слабости дадовме препораки, со чие спроведување од страна на инспекторатите, треба да се обезбедат услови за спроведување на пописот согласно законската регулатива односно сметководствено евидентирање на сите основни средства со кои располагаат инспекторатите, усогласување на сметководствената со фактичката состојба, како и изготвување на извештај од извршениот попис, прифатен од раководното лице на инспекторатот.

Системски слабости во државните инспекторати

1. Согласно одредбите од законите од областа на просветата, трудот, здравството, транспорт, градење и урбанизам, земјоделство и други сфери, инспекторатите имаат својство на правно лице и сопствена буџетска сметка како буџетски корисници од прва линија додека во Законот за организација и работа на органите на државната

управа истите се дефинирани како органи во состав на министерствата со својство на правно лице. Поради наведеното ревизијата препорачува да се изврши усогласување на горенаведените закони како законски акти со кои од една страна се регулира организацијата, надлежностите и работата на органите на државната управа и од друга страна основањето и функционирањето на инспекторатите.

2. Неусогласеност на Законот за просветна инспекција, Закон за градење и Законот за просторно и урбанистичко планирање со Закон за административни службеници, во делот на утврдените ЕКТС кредити на ниво на стручни квалификации за инспекторите, како стручни административни службеници од категорија В.

3. Постои потреба од законско уредување на мандатот на функцијата В.Д. директор и директор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам.

Советот за инспекциски надзор има обврска да ги утврди работните места како и висината на додаток на платата за посебни услови за работа на инспекторите, кои при вршењето на работите се изложен на ризик по нивниот живот и здравје. До денот на известувањето од ревизијата, Советот за инспекциски надзор сеуште ги нема донесено предвидените акти, поради што оневозможено е инспекторите да го остварат правото на додаток на платата за посебни услови за работа.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Министерството за информатичко општество и администрација во Република Македонија е надлежна институција за развој на информатичкото општество и креирање и координација на политиките и активностите произлезени од реформата на администрацијата.

Приоритети и цели на Министерството за информатичко општество и администрација се одржлив развој на информатичкото општество, развој на модерна администрација и развој на е-Влада.

Активностите за спроведување на реформите во администрацијата и развојот на информатичкото општество се од суштинска важност за граѓаните и компаниите и се една од компонентите за развојот на државата.

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за информатичко општество и администрација за 2015 година, заедно со ревизија на усогласеност за сметките на основниот буџет, на средствата за проектот „Владина ИТ мрежа" и на буџетот на донации - Проект SERRA – EI и утврди состојби за кои е потребно преземање активности за нивно надминување:

» да се продолжи со отпочнатите активности за завршување на планираните внатрешни ревизии;
» да се врши евидентирање на обврските во моментот на нивното настанување, а не во моментот на плаќање на истите;
» активностите за спроведување на пописот на средствата и нивните извори на крајот на годината, да се вршат во рок и на начин уредени со законската регулатива од областа;
» да продолжат активностите за обезбедување на имотни листови, утврдување на вредноста за недвижностите за кои Министерството има стекнато право на користење и нивно сметководствено евидентирање.

Во функција на јакнењето на капацитетите на јавната администрација и развојот на информациските и комуникациските технологии во Република Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација континуирано спроведува проекти финансирани со средства предвидени во рамки на Потпрограмата НА - Развој и имплементација на информациските и комуникациските технологии, од развојниот дел на Буџетот на Република Македонија и тоа:

» *Информационен систем* за управување со човечки ресурси - интегриран информационен систем за управување со човечките ресурси во јавниот сектор,
» *Систем за интероперабилност* - со овој систем комуникацијата меѓу органите на државната управа по електронски пат се врши преку единствена околина за размена на документи и податоци по електронски пат, односно овозможена е меѓусебна електронска размена на податоци меѓу државните институции,
» *Систем за управување со документи* - воспоставување и користење на информационите системи кај буџетските корисници за обработка на податоците во електронски облик и електронски потпис.

За наведените проекти, во делот за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, обелоденети се состојби кои се однесуваат на степенот на искористеност на Информациониот систем за управување со човечки ресурси, Системот за интероперабилност и степенот на искористеност на Системот за управување со документи, како и за потребата од продолжување на отпочнатите активности за целосна имплементација на истите во државните органи, потребата од преземање на навремени активности за нивно континуирано одржување.

Степенот на реализација на договорите по одделните проекти е прикажани во следниот графикон.

Реализација на договорите за проекти за информациски и коуникациски технологии заклучно со 31.12.2015 година

Со целосна имплементација на проектите од областа на е - управувањето, треба да се овозможи развој на електро - комуникациска мрежа за поврзување на сите јавни институции, следење, иницирање и воведување на меѓународни стандарди во органите на државната управа, безбедносни аспекти и развој на инфраструктурата, креирање и водење на евиденција на човечки ресурси и други проекти со цел подобрување на функционирање на институциите.

РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА НАЧИНОТ И ПОСТАПКИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Министерството за внатрешни работи, како орган на државна управа, во рамките на својата надлежност извршува работи што се однесуваат на остварување на системот на државната и јавната безбедност на Република Македонија.

Со цел уверување на усогласеноста на користењето на средствата на Министерството за внатрешни работи за 2015 година со Законот за јавните набавки, Државниот завод за ревизија во 2016 година изврши ревизија на начинот и постапките на доделување на договорите за јавни набавки кои имаат реализација во 2015 година, од аспект дали при нивната примена се обезбедени основните начела на Законот за јавните набавки: конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Во насока на точен и целосен увид во евидентираните обврски спрема добавувачите кои подлежат на Законот за јавните набавки, направивме анализа на вкупно евидентираните обврски спрема добавувачите во земјата и странство кои во 2015 година се проценети во вкупен износ од 3.079.278 илјади денари. Од вкупните обврски во избраниот примерок не влегуваат обврските евидентирани на сметката од донации, сметката од самофинансирачки активности, обврските спрема договорни органи кои имаат ексклузивно право и други обврски кои не подлежат на јавна набавка. Како резултат на извршената анализа, вкупните обврски спрема добавувачите во земјата и странство за кои е потребно да се примени Законот за јавните набавки изнесува 2.478.608 илјади денари, што претставува 80% од вкупните обврски на МВР.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 96 договори или 82%, кои имаат реализација во известувачкиот период, во вкупен износ од 2.043.003 илјади денари.

Со извршената ревизија констатиравме состојби за кои во наредниот период потребно е да се преземат активности за нивно надминување и тоа во делот на:

- електронско потпишување на известувањата за избор на најповолна понуда односно поништување на постапката од страна на Комисијата за јавни набавки,
- дефинирање на потребните количини за набавка на стоки во тендерската документација во делот на техничката спецификација,
- носење на одлуката за избор на најповолна понуда во рокови кои не се подолги од роковите предвидени за доставување на понудите,
- при склучување на рамковните спогодби да се утврдат максималните количини за секоја од ставките во тендерската документација,

- » количинско и вредносно следење на реализацијата на договорите,
- » почитување на одредбите од склучените договори,
- » утврдување на времетраењето на договорите,
- » користење на ексклузивните права како причина при спроведување на постапките за јавни набавки со преговарање без објавување на оглас,
- » почитување на одредбите од законот при изработувањето на тендерските документации.

Ревизијата истакнува постоење на ***системска слабост во Законот за јавните набавки***, во делот на спроведување на постапките преку Електронскиот систем за јавни набавки, за кои договорниот орган е потребно да оформи досие со сите документи и истото треба да го чува најмалку пет години од денот на извршувањето на договорот за јавна набавка.

Во пракса има различно постапување од страна на договорните органи во делот на чувањето на електронските документи од спроведените постапки за јавни набавки, земајќи го предвид Правилник за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки, во кој е наведено дека електронската архива на Електронскиот систем за јавни набавки во Бирото за јавни набавки, опфаќа чување на електронските документи во изворен облик во кој се креирани, испратени, примени и архивирани, па следствено во досиејата за спроведените постапки кај договорните органи, не се чуваат електронските документи.

Ревизијата смета дека е потребно надлежните органи да преземат активности за допрецизирање на наведениот Правилник во однос на начинот на чување на електронските документи од спроведените постапки за јавни набавки.

ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

Политичките партии се непрофитни организации и средствата за своето работење и дејствување ги стекнуваат под услови и начин утврдени со закон. Изворите на финансирање и начинот на трошење на средствата од страна на политичките партии за реализација на нивните политички платформи и финансирањето на нивното секојдневно работење во целина, мора да биде законито и јавно обелоденето пред надлежните органи, граѓаните и пошироката јавност.

Политичките партии имаат право на сопственост на деловен простор, опрема, канцелариски материјал, превозни средства и друг движен имот потребен за остварување на целите и вршење на активностите на политичката партија, кои се утврдени со статут на партијата и со закон. Политичките партии се финансираат од јавни и приватни извори на финансирање, од кои јавните извори се финансиски средства предвидени со Буџетот на Република Македонија, а приватните извори се: членарина, донации, легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал и сопствени приходи согласно закон.

Државниот завод за ревизија, како надлежен орган за ревизија на редовното работење на политичките партии, преку системот на финансиско известување изврши ревизија на работењето на редовните сметки кај најголемите политички партии во државата, согласно постапките и методологија за вршење на државна ревизија, при што утврди состојби за кои надлежните органи на поодделни политички партии потребно е да преземат активности за надминување на истите и тоа во делот на:

- објавување на финансиските извештаи на веб страната на партијата;
- вршење на редовно, целосно и навремено инвентарисување на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба,
- навремено, хронолошко и ажурно презентирање на трансакциите во деловните книги,
- воспоставување на внатрешни контроли во делот на располагање на паричните средства во готово,
- уредување на меѓусебните права и обврски со давателите на деловен простор.

Во делот на останати прашања, ревизијата ги обелодени следните состојби:

- надлежните органи да донесат поконкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, како и во однос на нивното евидентирање,
- во Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации, пропишани се сметки и позиции кои не бараат одлив на парични средства, односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа". Потребно е надлежното министерство да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции ",
- надлежните органи да преземат активности за уредување на изворите на финансирање во законската регулатива и во пропишаниот образец Годишен финансиски извештај за политичките партии,
- да се донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината, како еден од изворите на финансирање на политичките партии, со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно,

» усогласување на Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии со Законот за финансирање на политичките партии, со цел попрецизно регулирање на начинот на финансирање на политичките партии од Буџетот на Република Македонија.

СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2015 година на Секретаријатот за европски прашања на сметките за основниот буџет и сметката на буџет на донации - Кралство Норвешка.

Секретаријат за европски прашања е орган основан од Владата на Република Македонија за вршење на работите поврзани со европските прашања и обезбедување на координација на органите на државната управа и другите органи и институции, како и за вршење на други стручни работи од оваа област, чија организација, надлежност и работа се уредени со Законот за Владата на Република Македонија.

Со извршената ревизија констатиравме состојби за кои дадовме препораки со цел преземање мерки за надминување на истите:

» подобрување на системот на внатрешни контроли во процесот на плаќање преку ажурирање и примена на пишаните процедури при извршување на готовинско и безготовинско плаќање, со цел зајакнување и развој на финансиското управување и контрола во Секретаријатот,

» вршењето на пописот согласно законската регулатива, со цел да се изврши усогласување на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба на 31 декември.

ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, УСОГЛАСЕНОСТ НА РАБОТЕЊЕТО И ВИСТИНИТОСТ И ОБЈЕКТИВНОСТ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Здравствената заштита и здравствената дејност во себе апсорбираат сеопфатен систем на општествени и индивидуални мерки, активности и постапки насочени пред се кон зачувување и унапредување на здравјето на граѓаните на Република Македонија.

Преку мерките, активностите и постапките на здравствената заштита се влијае на зачувување и унапредување на здравјето, спречување, рано откривање и сузбивање на болести, повреди и други нарушувања на здравјето предизвикани од влијанието на работната и животната средина, навремено и ефикасно лекување и здравствена нега и рехабилитација. Додека пак здравствена дејност е дејност што се врши како јавна служба со која се обезбедува здравствена заштита.

Здравствената дејност се врши на примарно, секундарно и терцијално ниво на здравствена заштита.

Јавните здравствени установи се правни субјекти кои вршат здравствена дејност во мрежата на здравствени установи.

Со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2016 година беше планирана и спроведена ревизија кај:

- Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за клиничка биохемија;
- Јавната здравствена установа Универзитетската клиника за дерматологија;
- Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за нефрологија;
- Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија;
- Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар;
- Јавната здравствена установа Завод за рехабилитација на слух, говор и глас;
- Јавната здравствена установа Здравствен дом Тетово, и
- ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза„ Скопје.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на погоре наведените Јавни здравствени установи односно ревизија на системот на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија[1], при што за утврдените состојби дадени се препораки кои се во насока на надминување на истите.

[1] **ЈЗУ** Специјална болница по гинекологија и акушерство „Мајка Тереза„ Скопје.

Преземените активности од страна на надлежните органи и лицата одговорни за раководење и управување со Јавните здравствени установи во текот на ревизијата како и постапување по дадените препораки се очекува надминување на утврдените состојби а пред се во делот на: начинот на уредување и имплементирање на системот на интерни контроли, воспоставување на внатрешната ревизија, усогласување на статутарните одредби и обезбедување на соодветна согласност од надлежното министерство, усогласување на актите за организација и систематизација и нивно донесување, редовно ажурирање на членовите на управните одбори, именување на директори на ЈЗУ и склучување на менаџерски договори, вработување на дипломиран фармацевт за потребите на болничките аптеки, воспоставување на целосна евиденција за лековите и медицинските материјали, инвентарисување на средствата и обврските, доделување на договори за јавна набавка и следење на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Во 2016 година, Државниот завод за ревизија согласно програмата за работа, изврши ревизија на финансиските извештаи за 2015 година со ревизија на усогласеност кај три единици на локална самоуправа, општините Аеродром, Прилеп и Струмица.

Кај општините кои беа предмет на ревизија карактеристично е дека и покрај донесен ребаланс на буџетот има значителни отстапувања помеѓу остварените и планираните приходи. Отстапувањата кај остварените во однос на планираните приходи најчесто е резултат на помалку остварените приходи по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште.

Во сите три општини не е исполнета законската обврска во однос на доставување на Годишен извештај за користење на средствата од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот (Министерството за транспорт и врски).

Општина Аеродром не остварува приходи по основ на комунална такса за паркирање, а во Општина Струмица комуналната такса за паркирање не е пренесена во Буџетот на општината во износ во кој е наплатена од страна на јавното претпријатие. Општините Прилеп и Струмица не остваруваат приходи по основ на комунална такса за истакнување на реклами и објави на јавни места, иако имаат издадено јавен простор за поставување на реклами и објави.

Во сите три општини сеуште се присутни слабости во пописот на средствата и нивните извори и тоа во делот на пописот на обврските и инвестициите во тек.

Кај Општина Прилеп за трансферите на парични средства до здруженија и фондации, како и исплатата на социјалните надоместоци не се изготвени програми со јасно утврдени критериуми. Воедно општината нема донесено програми за одржани многубројни културни манифестации и активности, како и за изградени капитални инвестиции во областа на културата.

Системски слабости во локалната самоуправа

Со овој годишен извештај ја користиме можноста да ги истакнеме системските слабости кои се актуелни кај единиците на локалната самоуправа, а се однесуваат на Законот за даноците на имот, Законот за комуналните такси и Законот за пожарникарство. Овие системски слабости имаат финансиски импликации во работењето на единиците на локална самоуправа и сметаме дека надлежните органи треба да преземат мерки за нивно надминување.

Согласно член 39 став 1 и 2 од Законот за даноците на имот, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, редовно треба да ја усогласуваат состојбата на регистарот на недвижности со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставуваат до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција.

Не се врши усогласување на податоците во регистарите на недвижен имот на град Скопје и општините во Република Македонија со податоците од Геодетско - катастарскиот информациски систем (ГКИС) на Агенцијата за катастар на недвижности, поради неусогласените основи за евиденција на податоците (регистрите), односно во градот и општините во Република Македонија, даночните обврзници се евидентирани по матичен број и други лични податоци, а во Геодетско - катастарскиот информациски систем на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени по катастарска општина и катастарска парцела. Усогласувањето претставува законска обврска на единиците на локална самоуправа, кое се одразува на комплетноста на податоците кај единиците на локална самоуправа и има финансиски импликации на комплетноста на приходите по овој основ.

За да можат единиците на локална самоуправа целосно, брзо и квалитетно да ја ажурираат базата на податоци за данокот на имот, потребни се компатибилни регистри и софтверска поврзаност со државните органи и институции (Агенција за катастар на недвижности на Република Македонија, Централен регистар, УЈП, и др. институции).

Наплатата на комуналната такса за користење на улици со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли - тарифен број 9 согласно Законот за комуналните такси, пропишано е да ја врши органот надлежен за регистрација на возилата и да ја уплатува на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка за општината, за општините во градот Скопје и за градот Скопје, на чие подрачје е извршена наплатата. Во постојното законско решение не е пропишано во кои рокови треба да се уплати наплатената такса на сметка на општината, обврска за известување на општината за бројот на регистрираните возила во зависност од кубикажата, висината на комуналната такса, за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно. Со постојните законски одредби не е воспоставен систем кој би обезбедил точни податоци на регистрирани возила по работна зафатнина и намена, а од друга страна општините немаат законска можност да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства и комплетноста на приходите по овој основ.

По основ на комунална такса за улично осветлување, општините во Република Македонија од страна на ЕВН Македонија АД Скопје не добиваат податоци за:

» бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број 10 од Законот за комуналните такси;
» извештај за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно;
» шестмесечен извештај за реалната состојба со бројот на броилата и
» известување за ненаплатени побарувања по основ на оваа комунална такса.

Во постојниот Закон за комунални такси не е пропишана обврска на доставување на наведените податоци. За надминување на оваа состојба од страна на ЕВН Македонија и ЗЕЛС е склучен Меморандум за соработка.

И покрај склученио Меморандум за соработка помеѓу ЗЕЛС и ЕВН Македонија АД Скопје, од страна на ЕВН не се почитуваат договорените обврски од член 6 од Меморандумот за доставување на горенаведените податоци и извештаи. Ефектите од вака воспоставената пракса се рефлектираат на комплетноста и точноста на остварените приходи по овој основ, кои општините ги евидентираат во сметководството единствено како прилив без конкретни податоци за истиот. Со цел да се обезбеди комплетност и транспарентност во наплатата на сопствените приходи на општините, ревизијата смета дека е потребно законодавецот да изврши дополнување на законското решение во функција на надминување на истакнатите слабости.

Согласно член 49 од Законот за пожарникарството, за финансирање на активностите на Територијалните противпожарни единици (ТППЕ), град Скопје и општините во Република Македонија имаат можности за остварување на дополнителни приходи од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштита од пожари и експлозии, доброволни прилози и други средства од осигурителните друштва, фондации, правни и физички лица наменети за унапредување на заштитата од пожари и приходи од сопствени извори за извршени услуги. Град Скопје и општините во Република Македонија не остваруваат приходи по овие основи, освен приходот од осигурителните друштва во износ од 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила, за кои немаат сознание за висината на средствата што треба да се уплатат по овој основ, ниту пак има законска можност да се уверат во точноста и вистинитоста на уплатените средства. Недоволната прецизност во дефинирањето во законското решение на другите видови на приходи за финансирање на ТППЕ придонесува за неостварување на приходи по овие основи.

Надлежните органи потребно е да преземат мерки и активности во насока на допрецизирање на дефинирањето на другите видови на приходи за финансирање на ТППЕ во законското решение, во функција на нивна имплементација од страна на надлежните институции.

ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКОТО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН“ СКОПЈЕ

Приоритетна дејност на јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен” Скопје е заштита на природата, спроведување на економски активности, унапредување и користење на природното богатство во повеќенаменското подрачје Јасен. Функционирањето на ова јавно претпријатие треба да обезбеди реални претпоставки за трајна заштита на оваа област, со преземање на мерки од областа на екологијата, а посебно од областа на шумарството и ловството.

Имајќи во предвид дека подрачјето Јасен спаѓа во категоријата на посебни природни предели, заради автентичноста на фауната и на флората, истото е од исклучително значење за Република Македонија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2015 година, констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се следните:

- постои потреба од воспоставување систем на внатрешни контроли и донесување на пишани процедури за клучните процеси на работењето на претпријатието,
- во Актот за основање на јавното претпријатие потребно е да се наведе износот на средства на име основачки влог, донесен од страна на основачот на претпријатието,
- Статутот на јавното претпријатие донесен во 2006 година не е усогласен со измените и дополнувањата на законската регулатива,
- Управниот одбор да донесе интерни акти, со кои ќе се регулира заштитата на повеќенаменското подрачје, чувањето и негово одржување,
- годишните инвестициони програми за 2014 и 2015 година да содржат податоци за износот на финансиски средства потребни за нивна реализација,
- сметководствената евиденција да се воспостави на начин кој ќе обезбеди јасно прикажување на приходите и расходите од поединечните дејности, а претпријатието да изготви и усвои сметководствени политики, со кои би се обезбедило конзистентност, континуитет и законитост во прикажување на сите сметководствени и финансиски настани,

- да се изврши целосен попис и да се изврши усогласување на состојбата на средствата и обврските искажани во трговските книги со фактичката состојба на ден 31.12.2015 година,
- управувањето со државните ловишта, како и стопанисување со шумите да се врши целосно на начин предвиден во законската регулатива и склучените договори, додека порибувањето да е согласно планираното со риболовната основа и годишниот план,
- за извршена процена на издвоените средства за проста репродукција на шумите не е донесен акт, не е извршено нивно соодветно евидентирање, додека средствата за проширена репродукција не се уплатени во Буџетот на Република Македонија,
- при спроведување на постапките за јавни набавки, целосно да се почитуваат одредбите од законската регулатива.

За констатираните состојби ревизијата даде препораки со цел да се надминат утврдените состојби во наредниот период.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, ревизијата ги обелодени следните состојби:

- имајќи ги предвид законските надлежности на претпријатието за стопанисување со шумите во државна сопственост, ја истакнавме потребата од обезбедување и зајакнување на кадровските и техничките ресурси, со цел непречено извршување на надлежностите,
- потреба од вршење на проверка на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие, од страна на надзорниот одбор и издавање на мислење за истите, како основа за усвојување од страна на Управниот одбор.

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

Јавното претпријатие за државни патишта е правен следбеник на Агенцијата за државни патишта, поради што неговиот имот го сочинуваат преземените деловни простории и опрема кои ги користела Агенцијата за државни патишта според пописот на основни средства со состојба 31.12.2012 година, како и средствата кои се изразени во книговодствената вредност на Агенцијата за патишта во рамки на трезорската сметка, кои на денот на отворање на сметката на Јавното претпријатие за државни патишта се префрлени на неговата сметка.

Со извршената ревизија на регуларност за 2015 година кај ЈП за државни патишта констатиравме состојби меѓу кои позначајни се следните:

- постои потреба од воспоставување на систем на внатрешни контроли за следење и реализација на обврските по долгорочни заеми и кредити од меѓународни финансиски институции,
- воведување на девизно сметководство,
- донесување на акт за сметководствени политики,
- спроведување на целосен и комплетен попис на средствата, побарувањата и обврските,

- довршување на постапката за легализација за утврдување на правниот статус на државните патишта која е започната, и нивен упис во јавната книга во Агенцијата за катастар на недвижности,
- проценка на објективната вредност на недвижностите и опремата, како и проценка на преостанатиот корисен век на употреба на средствата,
- извршување корективни книжења во акумулираната амортизација и пресметаната амортизација за 2015 година, со примена на стапки на амортизација усвоени со акт,
- комплетирање на целокупната документација потребна за активирање на патните правци и објекти кои се во тек, со цел навремено сметководствено активирање на соодветните средства,
- спроведување корективни книжења за трошоците за позајмување за заемите кои се активни, односно се во фаза на повлекување и
- утврдување на причината за неусогласеност на состојбата на одложено признавање на приходи со сегашната вредност на средствата добиени во вид на државна поддршка.

За констатираните состојби ревизијата даде препораки со цел да се надминат утврдените состојби во наредниот период.

ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЛОКАЛНО НИВО

Во 2016 година, согласно Годишната програма за работа извршивме ревизија на регуларност кај две јавни претпријатија на локално ниво и тоа: ЈП Улици и патишта на Град Скопје и ЈП Паркинзи на Општина Центар.

Заедничко за ревидираните субјекти беше неизвршениот упис на основната главнина во трговскиот регистар. Претпријатијата немаат утврдено пазарна вредност на имотот и обврските, така што основната главнина е сметководствено утврдена, односно не е извршена проценка на капиталот . Проценетата вредност на капиталот е особено важна заради воспоставување на јавно приватно партнерство, задолжување и утврдување на кредитен рејтинг.

Кај јавното претпријатие „Паркинзи“ на Општина Центар ги истакнуваме утврдените состојби во делот на нецелосно извршениот попис на нематеријалните и материјалните средства (основните средства) и не утврдениот основ од кои произлегуваат и старосната структура на побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2015 година.

Со ревизијата кај ЈП Улици и патишта укажавме на потребата надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за спроведување на соодветна сметководствена евиденција на сомнителни и спорни побарувања и да пристапат кон квалитетно извршување на пописот согласно законската регулатива, со што ќе се утврди фактичката состојба и ќе се достават поткрепувачки информации до надлежните органи за отпишување на дел од побарувањата.

ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА, УПРАВУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКА САЛА „БОРИС ТРАЈКОВСКИ“

Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ е основано како друштво со ограничена одговорност од Република Македонија преку Владата, која е сопственик на друштвото, за што е дадена Изјава за основање и истото е регистрирано во Централниот регистар на РМ, согласно Законот за трговските друштва.

Поради ваквиот начин на основање, со друштвото управува управител, именуван од Владата на РМ, чии права, обврски и надлежности се наведени во член 17 и 18 од Изјавата за основање. Врз основа на одредбите од овие два члена, во кои се утврдени само општи надлежности на управителот, се донесуваат сите акти (правилници, одлуки и други акти) кои се однесуваат на организацијата и работењето на друштвото од страна на едно лице – управител. За вршење надзор над работењето на друштвото се формира надзорен одбор од пет члена, кои ги избира Владата на Република Македонија.

Согласно наведеното, како и земајќи предвид дека Друштвото во досегашниот период се стекнало и располага со голем недвижен имот, кој што го издава и со истиот управува едно лице - управител, врз основа на изјава за основање, а при тоа се организираат и извршуваат бројни спортски и други активности во рамките на комплексот на спортскиот центар „Борис Трајковски“ од страна на корисниците на услугите, што придонесува за обемност и сложеност во работењето на субјектот, укажавме дека е потребно Друштвото да се реорганизира во друга форма на трговско друштво (АД во државна сопственост), кое ќе обезбеди поинаков начин на организација, управување и раководење на друштвото, како и надзор над работењето, согласно законската регулатива.

ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Во текот на 2016 година, согласно Годишната програма за работа, а во рамки на областа на високото образование, извршивме ревизија на финансиските извештаи за 2015 година со ревизија на усогласеност на: Градежниот факултет, Филозофскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил Методиј Скопје и Универзитетот за информатички науки и технологии Св. Апостол Павле во Охрид.

Со извршената ревизија утврдивме состојби кои се однесуваат на системот на внатрешни контроли, сметководствени и помошни евиденции, обврските, побарувањата и пописот и дадовме препораки на надлежните лица и органи со чија имплементација состојбите ќе се надминат.

Воедно, утврдивме и состојби кои се должат на слабости во законското решение за високо образование, како и состојби на не имплементирани законски одредби од други надлежни органи, а кои помалку или повеќе имаат влијание на работењето на ревидираните субјекти.

Сите овие состојби ги истакнавме во конечните ревизорски извештаи и се надеваме дека истите ќе бидат предмет на интерес на надлежните органи, со цел нивно надминување и подобрување на состојбите во високото образование. Во таа насока ќе го истакнеме следното:

Согласно одредбите на Законот за високото образование, Собранието на Република Македонија на предлог на Владата, има обврска да донесе Програма за високо образовна дејност, со која треба да се утврдат средствата за финансирање на јавните универзитети и студиите од јавен интерес, обезбедени од Буџетот на Република Македонија и од други извори, определени со закон. Програмата се донесува за време од четири години, а треба да се реализира со годишни програми кои се носат истовремено со годишната финансиска пресметка на универзитетот. Со оглед на тоа што оваа Програма не е донесена, не се создадени услови за утврдување на целите, правците на развој, изворот и обемот на средствата наменети за финансирање на државните потреби и пред се остварувањето на развојот на дејноста на јавните високообразовни установи.

Со Законот за високото образование е уредено формирање на Совет во рамките на Министерството за образование и наука, како самостојно тело, кое што сеуште не е формирано. Во член 83 став 1 алинеи 1 до 11 од Законот за високото образование, се дефинирани надлежностите на Советот, кои претежно се состојат од давање на мислења за предложени акти или во преземање на конкретни активности.

Ревизијата, од аспект на финансирањето на дејноста на високообразовните установи, а имајќи ги предвид надлежности на Советот, особено надлежностите поврзани со финансирањето на високо образовните установи, распределбата на средствата, утврдување на мерила и критериуми за висината на кофинансирањето и партиципацијата и другите давачки на студентите, укажува дека неговото не формирање придонесува за различен начин на постапување и функционирање на високообразовните установи преку акти и одлуки кои што тековно ги донесуваат.

Согласно член 133 став 1 од Законот за високото образование, лицата избрани во наставно-научно, научно и наставно звање засноваат работен однос и остваруваат права и обврски од работен однос во согласност со Законот за високото образование и друг закон и колективен договор склучен меѓу мнозинскиот синдикат организиран во високообразовните установи во Република Македонија и Владата на РМ. Во услови кога не е склучен колективен договор, ниту пак има законски одредби со кои се уредуваат платите и надоместоците на плата на избраниот наставно – научен кадар, на ниво на универзитет донесен е Правилник за утврдување на плати и други надоместоци на плата на вработените на универзитетот.

Ваквата состојба на остварување на правото на плата и надоместоци на плата врз основа на интерен акт на универзитетот, а поради непостоење на колективен договор за високообразовна дејност и законски одредби, придонесува за различен начин на пресметка и исплата на плати во рамките на јавните универзитети и единиците во нивниот состав.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Законските надлежности на Министерството за образование и наука се да ја креира и реализира политиката во областа на воспитанието и образованието од сите видови и степени. Покрај тоа, неговите надлежности се однесуваат и во делот на образованието на возрасни, организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на образованието, воспитанието и науката, воспитанието и образованието на деца со посебни образовни потреби и децата на нашите работници на привремена работа и претстој во странство, како и верификација на струките, профилите во образованието, ученичкиот и студентскиот стандард, технолошкиот развој, информатичката и техничката култура, информацискиот систем и други активности поврзани со образованието.

Имајќи го предвид значењето на образованието и науката за развојот на РМ, а во насока на ефикасно извршување на активностите кои произлегуваат од надлежностите на министерството, со извршената ревизија на регуларност за 2015 година утврдивме :

- недоследности во функционирањето на воспоставените контролни механизми при оценка на системот на внатрешни контроли во процесот на плати;
- во однос на реализацијата на Програмата за опремување за лаборатории на државните високообразовни установи и јавни научни институции констатирани се недоследности во постапките на давање на движните ствари, начинот на испорака, примопредавање и инсталирање на лабораториската и научно истражувачката опрема од страна на министерството;
- неправилно евидентирани материјални средства, капитални расходи за инвестиционите вложувања кои се во тек и преземени обврски кон добавувачите;
- побарувањата од вработените по основ на дадени аванси за службени патувања во најголем дел се застарени;

- непостоење евиденција за состојбата и движењето на средствата на платежните картички со кои располага министерството, а пописот на средствата и изворите на средства за 2015 година не е целосно и правилно спроведен;
- утврдени се одредени недоследности во начинот на набавка, користење и располагање со недвижните и движните ствари во државна сопственост, не се води евиденција за примените и издадените книги/учебници од Проектот за превод на 500 стручни, научни книги и учебници и не се склучени договори за нивно примопредавање со институциите и установите на кои истите им се предадени;
- не е обезбедена целосна и веродостојна документација врз основа на која се евидентирани дел од расходите и не е почитуван во целост Законот за јавни набавки при набавките на стоки и услуги.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде соодветни препораки, со цел министерството да преземе мерки и активности за надминување на истите.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Министерството за транспорт и врски е орган на државната управа, кој врши работи од повеќе области, како што е патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, внатрешната пловидба, телекомуникациите, поштенските и други области кои се во негова надлежност.

Од тие причини, а и поради значајноста на областите кои се во негова надлежност, работењето на министерството беше предмет на ревизија и во Годишната програма на Државниот завод за ревизија за 2016 година.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2015 година констатиравме слабости во работењето на министерството, за што се дадени соодветни препораки.

Констатиравме дека недоволно се преземени активности за воспоставување и функционирање на системот на внатрешни контроли во процесот на следење на прекувремената работа.

При исплата на добавувачи за извршени работи Министерството за транспорт и врски не се придржувало на договорената динамика на исплата, при што на одредени добавувачи во првата година исплатени се парични средства во поголем износ од договореното.

Исплатата на субвенциите во железничкиот патнички превоз е врз основа на доставени документи од страна на Македонски железници - Транспорт, без да се земат предвид трошоците што ги покрива МЖ Транспорт, за да се субвенционира остатокот од предвидените трошоци кои влегуваат во цената на картата за превоз.

Обврските во сметководствената евиденција не се евидентираат во моментот на извршување на услугата, туку во моментот на плаќање на истата, што има за ефект нереално искажување на обврските спрема добавувачите.

Во постапката за доделување на договор за јавна набавка: надградба и реконструкција на објектот на управната зграда на Министерството за транспорт и врски, констатирано е значително зголемување на средства потребни за реконструкција и надградба од проценетата вредност.

РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

Во 2016 година извршивме 6 ревизии на успешност согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2016 година, со кои опфативме 72 субјекти.

Сите извршени ревизии на успешност се однесуваат на оценки, фокусирани на квалитетот и квантитетот на јавните средства и услугите во областите кај кои се утврдени значајни финансиски ризици и можности за социјални и системски подобрувања и креирани се индикатори со кои ревизијата ја исполни својата додадена вредност по однос на избраните активности.

1. ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА УЛИЦА

Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење хумана популациона политика која се остварува преку обезбедување на определени права, средства и облици за заштита на децата. За обезбедување на заштита на децата се тргнува од принципите на заштита на правото на живот и развој на детето, заштита на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето, загарантирани со Конвенцијата за правата на детето[2], Уставот на Република Македонија и законската регулатива.

Заштитата на децата е дејност од јавен интерес. Во обезбедување на заштитата на детето и неговите права покрај родителите, семејството, старателите на децата и згрижувачкото семејство, вклучени се и установите за деца, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци, државни институции и институции на единиците на локалната самоуправа. Исто така вклучени се организации и други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање поддршка и помош на децата.

Во насока на обезбедување на потребни информации и податоци за тоа дали мерките/активностите преземени од страна на надлежните институции обезбедуваат ефикасна превенција и намалување на појавата на деца на улица и дали со нив се овозможуваат услови за социјално и општествено вклучување на овие деца во ризик, како и нивна инклузивност во образовниот и здравствениот систем, а во согласност со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2016 година, извршивме ревизија на успешност на тема: Ефикасност на преземените мерки и активности од страна на надлежните институции за заштита на децата на улица.

[2] Конвенцијата за правата на детето е усвоена на Генералното собрание на Обединетите нации со резолуција 44/25 од 20 ноември 1989 година, а стапила на сила на 2-ри септември 1990 година. Во 1993 година Конвенцијата беше ратификувана од Република Македонија.

Ревизорските активности беа насочени кон следните области:

- Правна рамка, стратешки документи и нивна имплементација;
- Активности насочени кон превенција и заштита на деца на улица;
- Институционална поставеност и капацитети (финансиски, материјално - технички ресурси и човечки);
- Комуникација и информирање и
- Надзор.

Ефектите од мерките и активностите кои се преземени или ќе бидат преземени во наредниот период вклучувајќи го и постапувањето по дадените препораки од ревизијата, се однесуваат на обезбедување социјална превенцијата и заштита на децата на улица. За таа цел потребно е навремено преземање мерки од страна на институциите и установите вклучени во системот на социјална заштита, со цел намалување на бројот на деца на улица, преземање мерки за социјална, образовна и здравствена инклузија на децата на улица, зголемување на свеста и совеста на родителите или старателите на ризичната категорија - децата на улица, нивно запознавање со последиците кои децата ги трпат поради отсуството на грижа од нивна страна, едукација и советување на родителите како да постапуваат со своето дете во насока на обезбедување на најдобрите можности за него, обезбедување заштита на правата на децата согласно Конвенцијата за права на децата, зголемена јавна свест и совест во поглед на грижата за децата на улица и постоењето на нивни права, подобрување на институционалната поставеност и одгледување, развој и воспитување на идни генерации, кои ќе пораснат во нормални и здрави личности и ќе дадат свој придонес во општеството.

2. ЕФИКАСНОСТ НА ПОЛИТИКИТЕ И ИНСТРУМЕНТИТЕ ВО СИСТЕМОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И ПОСТАПКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ОГЛАС ЗА ЈАВНА НАБАВКА

Јавните набавки претставуваат збир на активности што ги извршуваат договорните органи, со цел да се стекнат со одредени стоки, добијат одредени услуги или изведат одредени работи. Системот на јавните набавки во Република Македонија дефиниран со Законот за јавни набавки и подзаконските акти, се развива и е воспоставен за да обезбеди конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на јавните средства во постапките за доделување договори за јавни набавки.

Во системот за јавни набавки, носечки органи се Бирото за јавни набавки, Државната комисија за жалби по јавни набавки и Советот за јавни набавки, а активно учествуваат и договорните органи и економските оператори.

Во насока на обезбедување потребни информации и податоци за тоа дали политиките и инструментите во системот на јавни набавки обезбедуваат транспарентност, конкуренција и еднаков третман на економските оператори и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавни набавки, а согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2016 година, извршивме ревизија на тема: „Ефикасност на политиките и инструментите во системот за јавни набавки и постапката за давање согласност за објавување оглас за јавна набавка".

Ревизорските активности беа насочени кон следните области:

» Правна рамка, стратешки документи, поставеноста и комуникацијата на институциите и субјектите во системот на јавни набавки;

» Политики и инструменти во системот на јавни набавки (најниска цена како единствен критериум, задолжително објавување на проценетата вредност и користење на електронска аукција, анализа на пазарот и барање согласност за објавување оглас) и

» Постапка за добивање согласност за објавување оглас за јавна набавка.

Ефектите од мерките и активностите кои ќе бидат преземени по дадените препораки на ревизијата меѓу другото треба да обезбедат подобрување на решенијата во постоечката законска регулатива во функција на усогласување на истите со ЕУ директивите, изготвување на интегрален стратешки документ со кој ќе бидат дефинирани националните стратешки цели, приоритети и политики во системот за јавни набавки, преиспитување на взаемното влијание на инструментите во системот за јавни набавки (најниската цена како единствен критериум, задолжително објавување на проценета вредност и користење на електронска аукција и поднесување на конечна цена, негативни референци, анализа на пазарот и барање согласност за објавување оглас) укинување на нивната задолжителност и воведување на опционално користење на наведените инструменти согласно видот и вредносниот праг на постапката, обезбедување на транспарентност, конкуренција и еднаков третман на економските оператори и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

3. ЕФИКАСНОСТ НА МЕРКИ, ПОЛИТИКИ И ПРОЕКТИ ЗА ЗАШТИТА НА ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

Охридското Езеро е најголемо и најзначајно природно езеро во Република Македонија и од биолошки аспект, најзначаен воден екосистем во Европа.

Со својата единствена флора и фауна, Охридското Езеро претставува еден од најголемите биолошки резервати во Европа. Како едно од најстарите езера на нашата планета, во него се зачувал прастар жив свет кој во други езера воопшто не постои или пак се среќава само во форма на фосили.

Во 1980 година Охридското Езеро и градот Охрид се прогласени за Светско културно наследство, под заштита на УНЕСКО.

Ревизијата на успешност ја спроведовме со цел да дадеме одговор на прашањето „Дали надлежните институции преземаат мерки, активности и проекти за ефикасна заштита на Охридското езеро “, како и да дадеме оценка за:

- законската регулатива и стратешките документи за заштита на Охридското езеро;
- надлежност, финансирање, мониторинг, надзор и контрола на Охридското езеро од страна на надлежните институции во Република Македонија;
- состојбата со отпадни води, потенцијални загадувачи и квалитет на водата во Охридското езеро и
- преземените мерки, политики и проекти во функција на ефикасна заштита на Охридското езеро.

Активностите на ревизијата на успешност имаа за цел да помогнат активностите на надлежните институции да се фокусираат на исполнување на поставените постулати за ефикасна заштита на Охридското езеро.

Со извршената ревизија ги утврдивме следните состојби:

- потреба од ажурирање на националната стратегија за води, како и донесување на Водостопанска основа на Република Македонија, како основен документ за планирање и развој на управувањето со води;
- изработка и донесување на План за управување со речен слив на Црн Дрим и единствен план за управување со меѓународниот речен слив;
- именување на членовите на Националниот совет за води, како и формирање на Советот за управување со подрачјето на речен слив на Црн Дрим;
- изработка на студија за ревалоризација на природните вредности, и донесување на Акт за прогласување на Охридското езеро за заштитено подрачје;
- потреба од донесување на локални акциони планови за заштита на животната средина,
- донесување на План за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион, изработка на Извештајот за состојбата на светското природно и културно наследство во Охридскиот регион и формирање на Комисија за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион;
- навремена реализација на наведените препораки од Комитетот за светско наследство на УНЕСКО;
- преиспитување на склученио Договор помеѓу Република Македонија и Република Албанија со цел подобрување на прекуграничната соработка за заштита на Охридското езеро и целосна и детална анализа за спроведување на Законот за води;
- донесување на Програмите за управување со води и подобрување на кадровската екипираност во секторот за води и одделението за управување со сливното подрачје на Црн Дрим;

- поголема инволвираност на ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид во заштитата на Охридското езеро, како и вклучување во мониторингот на водите во Република Македонија;
- вршење надзор и инспекциски надзор над заштитата на Охридското езеро од страна на надлежните институции;
- обезбедување на дозволи за испуштање на отпадните води во реципиентот, донесување на програма за одведување, собирање и пречистување на урбани отпадни води и воспоставување на катастарот на загадувачи;
- потреба од санации, реконструкции и поправки на колекторскиот систем, како и поврзување на населените места кои не се приклучени во колекторскиот систем;
- утврдување на ЕУРО стандард при увозот на пловни објекти, изградба на марина во Охридското езеро и решавањето на состојбата со веќе изградените објекти на крајбрежјето на Охридското езеро;
- потреба од обезбедување на финансиски средства за реализацијата на проектот за подобрување на функционирањето на колекторскиот систем во Охридското езеро и поголемо искористување на средства од европските фондови;
- заштита на студенчишкото блато, кое има својства на природно богатство од исклучително значење;
- обезбедување на дополнителни финансиски средства од страна на надлежните институции со цел подобрување на состојбата со канализационата и колекторската мрежа и
- продолжување и интензивирање на активностите за порибувањето на Охридското езеро со подмладок на Охридската пастрмка, утврдување на критериуми за начинот на распределба на средствата за порибување, вршење надзор над концесиската дејност и процена на рибниот фонд на Охридското езеро.

За надминување на погоре наведените состојби дадовме и препораки кои се насочени кон надлежните институции, истите се темелат на резултатите од извршената ревизија и се во функција на подобрување и унапредување на ефикасноста на заштитата на Охридското езеро.

Не оспорувајќи ги активностите кои се преземени од страна на надлежните институции за ефикасна заштита на Охридското езеро, заштита од загадување и контрола на загадувањето, заштита и подобрување на крајбрежното земјиште и водните живеалишта, истакнуваме дека постои потреба од преземање на дополнителни мерки и активности за донесување на основните плански документи за управување и развој на водите, донесување на подзаконската регулатива поврзана со заштита на Охридското езеро, што треба да резултира со соодветни и сеопфатни политики и инструменти за подобрување на состојбата на Охридското езеро, обезбедување на финансиски средства за негова заштита, подобра комуникација и координација помеѓу надлежните институции, како и поголема функционалност на надлежните институции задолжени за надзор, мониторинг и контрола на заштитата на Охридското езеро.

Со реализацијата на наведените активности ќе се придонесе за воспоставување на ефикасен систем за заштита на Охридското езеро, со цел да се зачува неговата изворна состојба, како и да се овозможи да остане препознатлив белег за Република Македонија во Европа и пошироко.

4. БАЊСКО КЛИМАТСКА РЕКРЕАЦИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ

Извршивме ревизија на успешност на тема „Ефикасност на проектот – бањско климатска рекреација на пензионери", со цел да дадеме одговор на прашањето „дали со реализација на проектот се овозможува ефикасно постигнување на целите, грижа на стари лица и подобрување на стандардот и квалитетот на живеење на оваа категорија граѓани" како и да дадеме препораки кои ќе бидат насочени кон зголемување на ефикасноста на проектот.

Проектот „Користење услуга на бањско климатска рекреација на корисници на пензија" како дел на Програмата за работа на Владата на Република Македонија во делот на социјална политика, достоинствен живот на пензионерите и социјално партнерство, има за цел грижа за старите лица и подобрување на стандардот и квалитетот на живеење на оваа категорија граѓани, како и подобрување на нивната општа здравствена состојба.

Целна група на проектот се корисниците на старосна, семејна и инвалидска пензија кои остариле право на пензија согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување, за кои е обезбеден бесплатен престој во бања и надомест на патни трошоци, превоз од местото на живеење до бањата.

Со ревизијата на успешност беа опфатени повеќе субјекти кои се надлежни за реализацијата на проектот односно Министерство за труд и социјална политика, Фондот за ПИОМ на Република Македонија, концесионери, правните субјекти кои стопанисуваат со бањите „Катлановска Бања ДОО" Катланово, Здравствената установа Природно лекувалиште ,,Негорски Бањи АД" с. Негорци, Гевгелија, Друштво за бањски туризам и телесна рехабилитација „Дебарски бањи – ЦАПА АД" Дебар и Здравствената установа „АД Цар Самуил" с. Бањско Струмица.

Со цел да се подобри квалитетот на живеење на старите лица во Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика во јуни 2010 година има донесено Национална стратегија за стари лица 2010-2020 година. Стратегијата претставува основен документ во кој се идентификуваат приоритетните области и задачи за делување.

За реализацијата на проектот од Буџетот на Република Македонија преку Министерството за труд и социјална политика во бањите, за период од 2010-2015 година исплатени се финансиски средства во вкупен износ од 184.884 илјади денари.

Проектот содржи социјален, здравствен и рекреативно туристички аспект, во функција на подобрување на животот на старите лица, пензионери.

Социјален аспект на проектот - Во рамките на програмските активности за обезбедување социјална заштита и социјална сигурност на старите лица, во периодот на реализација на проектот од 2010 до 2015 година, можноста за бесплатен престој во бања ја искористиле 32.960 пензионери. Земајќи ги предвид поставените цели на проектот констатиравме дека постигнати се резултати во функција на поставените цели на проектот кои се однесуваат на грижа за старите лица и подобрување на нивниот стандард и квалитет на живеење.

Рекреативен/туристички аспект - Согласно определбите на проектот планирано е со негова реализација да се овозможи бањско климатска рекреација на корисниците на пензија, а истовремено да се развива и бањско климатскиот туризам. Согласно добиените одговори од бањите и извршените анализи, констатиравме дека ефектот од реализацијата на проектот има позитивно влијание врз работењето на бањите и развивањето на бањскиот туризам. Како позначајни ефекти се:

- термините на престој по проектот се во период кога искористеноста на капацитетите во истите се на пониско ниво,
- во сите бањи се реализира престој на корисници,
- остварување на позитивен финансиски резултат во бањите, со учество на остварените приходи по проектот во однос на вкупно остварените приходи,
- развој на бањскиот туризам, по основ на остварени ноќевања на пензионерите и придружниците во бањите по проектот.

Здравствен аспект - Една од основните цели на проектот е подобрување на општата здравствена состојба на корисниците на пензија, како една од стратешките определби наведени во Националната стратегија односно развивање и зајакнување на системот на здравствена заштита на старите лица, преку мерката зајакнување на капацитетите за бањско лекување и рекреативни активности за потребите на старите лица, пензионери.

Континуираната реализација на проектот во период од 2010-2015 година има позитивни влијанија како за пензионерите, така и за бањите како давателите на услугата бањско климатска рекреација и лекување. Со утврдените состојби и дадените препораки по истите, треба да се разгледа можноста и потребата за продолжување на проектот во иднина, со што ќе се придонесе кон подобрување на стандардот и квалитетот на живеење на пензионерите и старите лица, подобрување на нивниот социјален и економски статус, зајакнување на општествената кохезија, поттикнување и одржување на нивната независност, спречување на нивната маргинализација и развивање и зајакнување на системот на здравствена заштита.

5. ЕФИКАСНОСТ НА МЕРКИТЕ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНИОТ МЕТЕЖ ВО ГРАД СКОПЈЕ

Сообраќајниот систем на Град Скопје како и на секоја метропола е оптоварен со голем број проблеми кои го нарушуваат квалитетот на живеење во Градот. Проблемите на заглавен сообраќај, губитоци на време, недостиг на простор за паркирање, загадување на воздухот, бучава, намалена безбедност во сообраќајот, преставуваат дел од секојдневието на граѓаните. Оттука произлегува потребата за итно решавање на проблемите на сообраќајот воопшто и посебно проблемите на функционирање на јавниот градски превоз во Скопје.

За да се осознаат состојбите во делот на преземените мерки, политики и активности од страна на надлежните институции одговорни за намалување на сообраќајниот метеж во Град Скопје извршивме ревизија на успешност на тема: „Ефикасност на мерките за решавање на сообраќајниот метеж во Град Скопје“.

Со цел успешно спроведување на сите мерки и активности поврзани со надминување на проблемите во јавниот градски превоз и решавање на сообраќајниот метеж во Градот Скопје, неопходен е системски приод од страна на сите чинители и инволвирани страни. Секој од чинителите да ги спроведува своите активности и да постапува согласно надлежностите и тоа:

- да се изработат и донесат сите потребни стратешки документи кои претставуваат основа за стратешки насоки за една осмислена интегрирана сообраќајна политика за урбан транспорт на Град Скопје;
- да се подобри координацијата помеѓу институциите и секторите во истите институции;
- да се зајакне надзорот во секој инволвиран субјект согласно законските прописи;
- да се усогласи законската регулатива и да се подобрат законските решенија со цел постапување по истите и
- да се зајакнат кадровските капацитети за непречено спроведување на надлежностите.

Со оглед на тоа што поголем број мерки и активности се во тек, со навремено преземање на овие чекори од страна на секој од чинителите и инволвираните субјекти, ќе се создадат услови за градење на ефективен систем за унапредување на состојбите и безбедноста на сообраќајот.

6. ЕФИКАСНОСТ НА АКТИВНОСТИТЕ И МЕРКИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СООБРАЌАЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА УТВРДЕН СО НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА 2014-2016 ГОДИНА

Општа констатација за развојот на железничката мрежа во Македонија, во последните 50 години, е дека не може да се одбележи како екстензивен, туку повеќе како стагнантен.

Железничкиот сообраќај во Република Македонија се карактеризира со значителна заостанатост во однос на европските железници и тоа во однос на квалитетот на железничките пруги, но и во однос на густината на железничката мрежа.

Изградбата, реконструкцијата, ремонтот и одржувањето на постојаната или нова железничка инфраструктура се утврдуваат со Националната програма за железничката инфраструктура, која се донесува за период од три години од страна на Собранието на РМ на предлог на Владата на Република Македонија. Со истата се утврдуваат динамиката на реализација, како и висината и изворите на финансиските средства за изградба, реконструкција, ремонт и одржување на железничката инфраструктура.

Со цел подобрување на состојбата на железничката инфраструктура, инвестиционите планови за железничката инфраструктура за периодот 2014-2016 година ги опфаќаат инвестициите во Коридорите VIII, X и крак Xd и истите се утврдени со Националната програма 2014-2016 година .

За реализација на проектите кои се предложени со оваа Национална програма се потребни финансиски средства во износ од 19.886.169 илјади денари или 323.352.352 ЕУР (49% ќе бидат наменети за изградба и изработка на инвестиционо техничка документација за Коридорот VIII, додека за Коридорите X и Xd , 51%) со следната финансиска конструкција:

- 51% се обезбедени по пат на заем од меѓународни финансиски институции;
- 31% се обезбедени по пат на грантови од инструментот ИПА или WBIF;
- 17% се обезбедени преку буџетот на МТВ;
- 1% се обезбедени од сопствени средства на ЈП МЖ Инфраструктура Скопје.

Извршивме ревизија на успешност на тема „Ефикасност на активностите и мерките за развој на железничкиот сообраќај во РМ утврден со Националната програма 2014-2016 година и дадовме препораки за клучните фактори кои влијаат на ефикасност на активностите за развој на железничката инфраструктура во Република Македонија.

Со ревизијата утврдивме дека реализацијата на Националната програма опфаќа спроведување на проекти финансирани од повеќе извори. Од проектите предвидени во Националната програма и податоците од надлежните институции и органи за реализирани проекти, направивме анализа согласно изворите на финансирање. Според оваа анализа произлегува заклучок дека Националната програма предвидува вкупно 31 проект за Коридорите X и Xd и Коридор VIII. За периодот 2014-2016 година реализирани се девет (9) проекти, во тек на реализација се 10 проекти, 12 проекти не се реализирани, што произлегува дека дел од Националната програма до крај на 2016 година ќе остане нереализирана, а со тоа и очекуваните ефекти од истата остануваат за наредни периоди.



МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка на Државниот завод за ревизија во 2016 година, продолжи со несмален ентузијазам и посветеност на вработените со цел стекнување на нови знаења од областа на државната ревизија. Таа се одвиваше преку соработката на билатерално и мултилатерално ниво. Учеството во кооперативните активности - ревизии од областа на јавните набавки и туризмот со врховните ревизорски институции од ЕУ и регионот, придонесе за натамошно унапредување на професионалното ниво на кадарот на Државниот завод за ревизија и квалитетот на ревизиите на успешност, што беше еден од приоритетите на институцијата во изминатиот период.

По успешната реализација на првиот проект за паралелна ревизија на успешност од областа на енергетската ефикасност во текот на 2015 година, ВРИ на Шведска иницираше нов проект за кооперативна ревизија на успешност 2 за врховните ревизорски институции на земјите од мрежата - регионот. Со усвојувањето на рамковниот план на активности на мрежата за период 2016 и понатаму, од страна на челниците на ВРИ од мрежата, проектот започна со реализација во февруари 2016 година, а областа на која соработуваа учесниците овој пат беа јавните набавки.

По успешно спроведената кооперативна ревизија на успешност од областа на туризмот во текот на 2015 година, челниците на ВРИ на Хрватска, Република Македонија и Унгарија во февруари 2016 година во Будимпешта го потпишаа заедничкиот извештај од ревизијата.

Во јуни 2016 година Државниот завод за ревизија учествуваше на подготвителниот состанок за изведување на кооперативна ревизија на квалитет на воздухот (Хаг, Холандија) иницран од Холандскиот суд за ревизија и работната група за животна средина на EUROSAI кој ќе се реализира во текот на 2017 година.

Придобивките од соработката во кооперативните ревизии се повеќекратни. Посебно би ги истакнале можноста за професионална надградба на ревизорите учесници по пат на peer-to-peer активностите, флексибилниот пристап, проверка на сопствените и користење на искуствата од другите учесници и јакнењето на самодовербата во сопствените капацитети за вршење ревизија на успешност.

Размената на нови знаења и искуства од областа на државната ревизија со колегите од другите ВРИ се одвиваше преку стандардните форми на соработка и главно во координација на INTOSAI[3] и EUROSAI[4]. Придонесот на Државниот завод за ревизија во работата на работните групи и тела формирани за реализација на стратешките цели на EUROSAI 2011-2017 и во промовирањето на етиката и интегритетот кај ВРИ и институциите во јавната администрација, продолжи со еднаков интензитет и во 2016 година.

[3] Меѓународна организација на врховните ревизорски институции – ДЗР е член од 2001 година
[4] Европска организација на врховните ревизорски институции- ДЗР е член од 2002 година

Позитивниот тренд на учества на вработените во Државниот завод за ревизија на меѓународни настани за едукација и надградба се одвиваше во областа на ревизорските мислења, обновлива енергија, јакнење на интегритетот на ВРИ и нивниот капацитет во борбата против корупција, одржување на независноста на ВРИ, јакнење на односите меѓу ВРИ и парламентот, градење на институционални и човечки ресурси, ревизија на општините и ревизија на животната средина.

Државниот завод за ревизија е ветеран по стажот во мрежата на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ и Европскиот суд на ревизори. Годинава ја започнуваме втората деценија од нашето активно учество и придонес во реализирањето на активностите на мрежата чија цел е подготовка на ревизорските структури во земјите кои се подготвуваат за членство во европското семејство.

Кандидатскиот статус на Република Македонија за прием во Европската унија, стекнат на крајот на 2005 година на Државниот завод за ревизија му овозможува редовно, во својство на активен набљудувач, да учествува на состаноците на Контакт комитетот и да ги следи најновите случувања и предизвици со кои се соочуваат шефовите на ВРИ од Европската унија при вршењето на ревизорската функција.

Активности во рамките на EUROSAI и INTOSAI

Членувањето во работните групи на EUROSAI за животна средина од 2002 и за ИТ од 2005 година, Државниот завод за ревизија го одржува со активно учество во нивната работа.

Во периодот од 26-29 септември 2016 година, Државниот завод за ревизија беше домаќин на 14-от годишен состанок и семинар на Работната група за животна средина на EUROSAI. Главни теми на состанокот кој се одржа под мотото "Let's Audit Green" специјално креирано од вработените на ДЗР, беа пазарно ориентираните инструменти за заштита на животната средина и меѓународните стандарди на ВРИ (ISSAI) за ревизија на животната средина. Во рамките на семинарот посветен на ревизија на одржлив развој, беше организирана панел дискусија за предизвиците и можностите за ревизии од областа на одржливиот развој и животната средина, на која присуствуваа и челниците на врховните ревизорски институции од регионот.

Претставници на Државниот завод за ревизија учествуваа на состанокот на работната група за ИТ на EUROSAI кој се одржа во јуни 2016 година во Прага, Република Чешка, на кој беа дефинирани новите ИТ активности во рамките на работната група.

Државниот завод за ревизија четврта година по ред учествува во активностите на оперативната група на EUROSAI за ревизија и етика, предводена од ВРИ на Португалија која работи на јакнење на интегритетот и етиката кај врховните ревизорски институции и институциите во јавната администрација.

Државниот завод за ревизија во текот на 2016 година активно придонесе во изградбата на капацитетите на ВРИ, примената на професионалните стандарди и размената на знаења помеѓу членките на EUROSAI и пошироко, преку своите претставници во работните групи - тимовите 1, 2 и 3 за реализирање на Стратегискиот план на EUROSAI 2011-2017.

Претставници на Државниот завод за ревизија активно учествуваа и на почетните семинари за ревизија на општините (Варшава, ноември 2015 и Вилнус, септември 2016) како вовед во формирањето на нова оперативна група на EUROSAI која ќе се занимава со прашања од областа на ревизијата на општините - локалната самоуправа.

Во декември 2016 година делегација на Државниот завод за ревизија учествуваше на XXII INCOSAI кој се одржа во Абу Даби. На собирот на кој присуствуваа

претставници на ВРИ - членки на INTOSAI дискусии се водеа по две централни теми: придонесот на членките на INTOSAI кон агендата на ОН 2030 година за одржлив развој, доброто владеење и борбата против корупција; и промовирање на кредибилитет на INTOSAI како препознатлива меѓународна организација.

Мрежа на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за прием во ЕУ и Европскиот суд на ревизори

На редовниот годишен состанок на офицерите за врски на ВРИ кој се одржа во Рига во април 2016 година, централно внимание беше посветено на активностите за реализација на рамковниот план на активности на мрежата за 2016 и понатаму.

Во рамките на проектот за паралелна ревизија на успешност 2 од областа на јавните набавки до крајот на 2016 година се реализирани четири од планираните шест работилници. Првата (Подгорица) беше посветена на дефинирање на областа, темата на ревизијата, втората (Приштина) на дефинирање на целите и критериумите, третата (Стокхолм) на собирање податоци и завршни активност од прелиминарните истражувања и четвртата (Тирана) на собраните податоци и прелиминарните наоди од извршените ревизии. Стручна и финансиски помош за проектот обезбеди ВРИ на Шведска, во координација со Работната група на Контакт комитетот за заеднички ревизии (JWGAA) и со учество на претставници на Европскиот суд на ревизори.

Соработката на Државниот завод за ревизија со Европскиот суд на ревизори од Луксембург континуирано се одвива од 2006 година по основ на програмата за стажирање што Судот ја организира за кадарот на ВРИ од земјите кандидати со цел подготовка на ревизорските структури во земјите кои аплицираат за членство во ЕУ: Македонија, Турција, Црна Гора, Србија и Албанија. Заклучно со 2016 година, петмесечната програма во Европскиот суд на ревизори ја завршија 16 вработени во Државниот завод за ревизија од редот на помладите ревизори.

Билатерална и регионална соработка

Во 2016 година беа реализирани активностите од втората напредна фаза на проектот на Државниот завод за ревизија со Канцеларијата на Главниот ревизор на Норвешка насочен кон подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на систем за управување со ревизиите (Audit Management System - AMS). Активностите беа фокусирани на тестирање на софтверско решение за секој модул посебно и изведување пилот ревизии со користење на AMS. Истовремено беа спроведени серија на обуки и работилници за вработените за користење на новата ИТ инфраструктура која претставува основа за целосна реализација на AMS. Системот е официјално воспоставен и ревизиите во 2017 година се изведуваат со примена на AMS.

На 4-от годишен состанок на проектниот тим одржан во Осло, октомври 2016 година врз основа на сработеното и активностите кои треба да се финализираат во 2017 година за целос-

на имплементација, одржување и подготвеност на AMS за користење во ДЗР, двете страни се сложија проектот да биде продолжен до декември 2017 година.

Државниот завод за ревизија во октомври 2016 година беше домаќин на висока делегација од ВРИ на Бугарија, при што се размениј мислења за унапредување на соработката меѓу двете институции.

Високи делегации на Државниот завод за ревизија учествуваа на одбележувањето на 200 годишнината од формирањето на Канцеларијата на Главниот државен ревизор на Норвешка (Осло, јуни 2016) и на две регионални средби: работен состанок во Љубљана, посветен на планирање на годишните програми за ревизија и идната меѓусебна соработка на ВРИ од Словенија, Македонија, Хрватска, Србија и Црна Гора и панел дискусија во Приштина за предизвиците во градењето институционални и човечки ресурси кај ВРИ.

Соработка со SIGMA и Европската комисија

Соработката со SIGMA во 2016 година се одвиваше во рамките на активностите на мрежата. Имено, со логистичка и финансиска поддршка на SIGMA беа реализирани три активности од Рамковниот план на мрежата за 2016 и понатаму, кои се однесуваат на: работилница за ревизорски мислења (Белград), тркалезна маса за независноста на ВРИ (Сараево) и конференција за односите меѓу ВРИ и парламентот (Анкара). Оваа соработка како и до сега дава позитивни ефекти во процесот на изградба на Државниот завод за ревизија во компетентна институција за надворешна ревизија во согласност со критериумите на ЕУ и меѓународните стандарди за државната ревизија.

Државниот завод за ревизија има свој претставник во Бордот за ревизија на Агенцијата ЕУРОКОНТРОЛ, кој оваа одговорна задача за период од 4 години ќе ја извршува до 30 јуни 2017 година. Оваа номинација, на барање на Агенцијата, претставува значајно признание и легитимитет за Државниот завод за ревизија на меѓународен план.

Во рамките на Твининг проектот на IPA TAIB 2010 Програмата на Европската унија за понатамошното зајакнување на организационите и институционалните капацитети на РМ за процесот на европска интеграција, претставници на Државниот завод за ревизија учествуваа на обуката за методологијата на приближување на правото и на промоцијата на Прирачникот за транспонирање на законодавството на Европската унија во законодавството на Република Македонија.

ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во текот на 2016 година Државниот завод за ревизија беше транспарентен во однос на планираните и реализираните активности и за резултатите од работењето преку објавувањето на конечните ревизорски извештаи на официјалната WEB страница. Исто така, ДЗР ја известуваше јавноста и другите заинтересирани страни за етапното реализирање на започнатите проекти, за одржаните работилници како дел од перманентната едукација на државните ревизори, средбите на претставници на ДЗР со делегации на странски Врховни ревизорски институции, учества на претставници на ДЗР на средби, состаноци, конгреси и други настани поврзани со ревизорската активност.

Во 2016 година ДЗР ја информираше јавноста за реализацијата на проектот „Електронско управување со процесот на вршење ревизија“. Станува збор за заеднички проект на ДЗР и на Канцеларијата на главниот државен ревизор на Кралството Норвешка, кој почна да се имплементира со отпочнување на реализација на Годишната програма за работа на ДЗР за 2017 година.

Со имплементирањето на овој проект, ДЗР направи крупен чекор во однос на усовршување и подобрување на квалитетот на процесот на вршење ревизија и на неговото следење по електронски пат, а во интерес на поефикасно, поефективно и поекономично трошење на јавните средства. Овој начин на вршење ревизија ќе придонесе за уште поголема транспарентност на ДЗР кога се во прашање резултатите од неговото работење.

Резултатите од работењето на ДЗР предизвикаа интерес од медиумите и новинарите кои објавуваа информации, новинарски прилози и коментари по објавените конечни ревизорски извештаи и констатирани состојби во истите.

Од аспект на транспарентноста, а согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во 2016 година до ДЗР беа доставени вкупно 23 барања од физички и од правни лица и од новинари на кои ДЗР одговори во рамките на утврдените законски рокови.

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До Собранието на Република Македонија

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија за средствата од Буџетот на РМ, односно за остварени приходи и расходи преку сметката 020021504063710 – Редовна сметка средства од буџетот на РМ, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2016, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија – Редовна сметка средства од буџетот на РМ заклучно со 31 декември 2016 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

Мислење

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2016 година.

Скопје, 01.06.2017

Овластен ревизор
Миле Ниневски

Друштво за ревизија
РСМ МАКЕДОНИЈА Скопје

RSM
Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

Државен завод за ревизија
Финансиски извештаи за Сметката на основен буџет 637-19 за годината завршена на 31 декември 2016

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во денари

Опис на позицијата	Образложение	Буџет 2016	Реализирано 2016	Реализирано 2015
Приходи				
Трансфери и донации	3.1.	95.237.000	89.404.941	92.979.759
Вкупно приходи		**95.237.000**	**89.404.941**	**92.979.759**
Расходи				
Тековни расходи	3.2.			
Плати, наемнини и надоместоци	3.2.1.	73.562.000	71.710.930	73.625.052
Стоки и услуги	3.2.2.	20.575.000	17.344.621	17.739.018
Разни трансфери	3.2.3.	100.000	88.746	214.952
Вкупно тековни расходи		**94.237.000**	**89.144.297**	**91.579.022**
Капитални расходи	3.3.			
Капитални расходи		1.000.000	260.644	1.400.737
Вкупно капитални расходи		**1.000.000**	**260.644**	**1.400.737**
Отплата на главнина				
Вкупно расходи		**95.237.000**	**89.404.941**	**92.979.759**
Нето вишок на приходи - добивка по оданочување		-	-	-

Скопје, 28.02.2017

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Главен државен ревизор
м-р Тања Таневска

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

во денари

Опис на позицијата	Образло-жение	2016	2015
Актива			
Тековни средства	4.1.		
Побарувања од вработените	4.1.1.	142.661	204.948
Активни временски разграничувања	4.1.2.	6.358.392	7.204.690
Залихи	4.1.3.	956.551	788.752
Вкупно тековни средства		**7.457.604**	**8.198.390**
Постојани средства	4.2.		
Нематеријални средства	4.2.1.	52.875	101.357
Материјални средства	4.2.2.	5.093.743	6.357.914
Вкупно постојани средства		**5.146.618**	**6.459.271**
Вкупна актива		**12.604.222**	**14.657.661**
Вонбилансна актива		**77.829.200**	**77.829.200**
Пасива			
Тековни обврски	4.3.		
Краткорочни обврски спрема добавувачи	4.3.1.	589.448	1.025.393
Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените	4.3.2.	5.768.944	6.179.297
Пасивни временски разграничувања	4.3.3.	142.661	204.948
Вкупно тековни обврски		**6.501.053**	**7.409.638**
Извори на средства			
Извори на капитални средства	4.4.	6.103.169	7.248.023
Ревалоризациона резерва			
Вкупно извори на деловни средства		**6.103.169**	**7.248.023**
Вкупна пасива		**12.604.222**	**14.657.661**
Вонбилансна пасива		**77.829.200**	**77.829.200**

Скопје, 28.02.2017

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Главен државен ревизор
м-р Тања Таневска

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
T+389 (0)2 3233 301
T+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До Собранието на Република Македонија

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија за средствата на приходи наплатени од органи, односно за остварени приходи и расходи преку сметката 020021504063119 – Сметка на приходи наплатени од органи, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2016, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
T+389 (0)2 3233 301
T+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија – сметката на сопствени приходи наплатени од органи заклучно со 31 декември 2016 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
T+389 (0)2 3233 301
T+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

Мислење

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2016 година.

Скопје, 01.06.2017

Овластен ревизор
Миле Ниневски

Друштво за ревизија
РСМ МАКЕДОНИЈА Скопје

RSM
Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во денари

Опис на позицијата	Образложение	Буџет 2016	Реализирано 2016	Реализирано 2015
Приходи		4.000.000		
Даночни приходи				
Неданочни приходи	3.1.		65.797	55.250
Трансфери и донации	3.2.		6.520.534	6.494.603
Вкупно приходи		**4.000.000**	**6.586.331**	**6.549.853**
Расходи				
Тековни расходи	3.3.	4.000.000		
Разни трансфери	3.3.1.		426.094	29.319
Вкупно тековни расходи		**4.000.000**	**426.094**	**29.319**
Капитални расходи				
Капитални расходи	3.4.	-	-	-
Вкупно капитални расходи		**-**	**-**	**-**
Вкупно расходи		**4.000.000**	**426.094**	**29.319**
Остварен вишок на приходи		**-**	**6.160.237**	**6.520.534**
Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи				
Нето вишок на приходи		**-**	**6.160.237**	**6.520.534**
Распоредување на вишокот на приходи				
Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година		-	6.160.237	6.520.534
Обврски за данок на добивка				
Вкупно распоред на вишок на приходи		**-**	**6.160.237**	**6.520.534**

Скопје, 28.02.2017

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Главен државен ревизор
м-р Тања Таневска

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

во денари

Опис на позицијата	Образложение	2016	2015
Актива			
Тековни средства	**4.1.**		
Парични средства	4.1.1.	6.160.237	6.520.534
Побарувања од купувачите во земјата	4.1.2.	4.170.182	4.170.182
Побарувања од вработените	4.1.3.	50.102	50.102
Активни временски разграничувања	4.1.4.	-	-
Вкупно тековни средства		**10.380.521**	**10.740.818**
Постојани средства	**4.2.**		
Нематеријални средства	4.2.1.	-	-
Материјални средства	4.2.2.	-	-
Вкупно постојани средства		**-**	**-**
Вкупна актива		**10.380.521**	**10.740.818**
Вонбилансна евиденција - актива		**2.686.027**	**2.686.027**
Пасива			
Тековни обврски	**4.3.**		
Краткорочни обврски спрема добавувачи	4.3.1.	-	-
Пасивни временски разграничувања	4.3.2.	10.380.521	10.740.818
Вкупно тековни обврски		**10.380.521**	**10.740.818**
Извори на средства	**4.4.**		
Извори на капитални средства		-	-
Вкупно извори на деловни средства		**-**	**-**
Вкупна пасива		**10.380.521**	**10.740.818**
Вонбилансна евиденција - пасива		**2.686.027**	**2.686.027**

Скопје, 28.02.2017

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Главен државен ревизор
м-р Тања Таневска

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
T+389 (0)2 3233 301
T+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До Собранието на Република Македонија

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Проектот МАК-12/0015 ,,ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РЕВИЗИЈА" на Државниот завод за ревизија, а коишто го вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2016, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Одговорност на раководството за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

RSM

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
T+389 (0)2 3233 301
T+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

Мислење

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Проектот МАК-12/0015 ,,ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РЕВИЗИЈА" на Државниот завод за ревизија заклучно со 31 декември 2016 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Македонија
Т+389 (0)2 3233 301
Т+389 (0)2 3233 302
Ф+389 (0)2 3216 186
www.rsmmk.mk

Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

Мислење

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2016 година.

Скопје, 01.06.2017

Овластен ревизор
Миле Ниневски

Друштво за ревизија
РСМ МАКЕДОНИЈА Скопје

Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е член на РСМ мрежата и тргува како РСМ. РСМ е трговското име кое се користи од страна на членките на РСМ мрежата. Секој член на мрежата РСМ е независно друштво кое работи согласно своите доделени права и обврски. Мрежата РСМ самата не е посебно правно лице во ниедна јурисдикција.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во денари

Опис на позицијата	Образложение	Буџет 2016	Реализирано 2016	Реализирано 2015
Приходи				
Трансфери и донации	3.1.	12.460.000	15.384.980	24.260.623
Вкупно приходи		**12.460.000**	**15.384.980**	**24.260.623**
Расходи				
Тековни расходи	3.2.			
Стоки и услуги	3.2.1.	6.496.000	3.100.453	4.745.836
Вкупно тековни расходи		**6.496.000**	**3.100.453**	**4.745.836**
Капитални расходи				
Капитални расходи	3.3.	5.964.000	2.436.200	4.757.578
Вкупно капитални расходи		**5.964.000**	**2.436.200**	**4.757.578**
Отплата на главнина				
Вкупно расходи		**12.460.000**	**5.536.653**	**9.503.414**
Нереализирани средства од буџетот		**-**	**9.848.327**	**14.757.209**
Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување				
Нето вишок на приходи - добивка по оданочување		**-**	**9.848.327**	**14.757.209**

Скопје, 28.02.2017

Раководител на сектор за финансиски прашања
Блага Николова

Главен државен ревизор
м-р Тања Таневска

Државен завод за ревизија
Финансиски извештаи за Проект МАК-12/0015 за годината завршена на 31 декември 2016

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

во денари

Опис на позицијата	Образложение	2016	2015
Актива			
Тековни средства	4.1.		
Жиро сметка	4.1.1.	9.848.327	14.757.209
Побарувања од вработените	4.1.2.		5.066
Активни временски разграничувања	4.1.3.	1.832.200	
Вкупно тековни средства		**11.680.527**	**14.762.275**
Постојани средства	4.2.		
Нематеријални средства	4.2.1.	6.551.109	5.521.245
Материјални средства	4.2.2.	2.173.561	2.999.920
Вкупно постојани средства		**8.724.670**	**8.521.165**
Вкупна актива		**20.405.197**	**23.283.440**
Вонбилансна актива			
Пасива			
Тековни обврски	4.3.		
Краткорочни обврски спрема добавувачи	4.3.1.	1.832.200	
Пасивни временски разграничувања	4.3.2.	9.848.327	14.762.275
Вкупно тековни обврски		**11.680.527**	**14.762.275**
Долгорочни обврски			
Извори на средства	4.4.		
Извори на капитални средства	4.4.1.	8.724.670	8.521.165
Вкупно извори на деловни средства		**8.724.670**	**8.521.165**
Вкупна пасива		**20.405.197**	**23.283.440**
Вонбилансна пасива			

Скопје, 28.02.2017

Раководител на сектор за
финансиски прашања
Блага Николова

Главен државен ревизор
м-р Тања Таневска

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
1000 Скопје, Република Македонија
Тел: ++389 2 3211 262
Факс: ++ 389 2 3126 311
E-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk